| 11 | Залевање на зелени површини | $м^2$ | 50.270 | 60 |
| 1 | Прихрана со вештачки ѓубрива | кг. | 50 | 2 |
| 15 | Расад за сезонско цвеќе | бр. | 3000 | 3 |
| 16 | Вода потрошена за залеаање | $М^3$ | 1300 | 34 |
| 17 | Одржување на дрвореди | бр | 50 | 2 |
| 18 | Отстранување и сечење на дотраени стебла | По готреба | По потреба | По потреба |

ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТНИ ОПЕРАЦИИ-КАЛЕНДАРСКИ

| ред-бр. | Работни операции по месеци | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | вкупноОпер. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Машинско косење натрева | | | | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | | | 11 |
| 2 | Собирање на искосена треea | | | | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | | | 11 |
| 3 | Припрема за цветни површини | | | | 1 | 1 | | | | | 1 | | | 3 |
| 4 | Садење на сезонски цвеќиња | | | | 1 | 1 | 1 | | | | | | 1 | 4 |
| 5 | Прскање на сезонско цвеќе со инсектицид | | | | | 1 | 1 | | 1 | | | | | 3 |
| 6 | Окопување на грмушки | | | | 1 | ] | | | | | | | | 2 |
| 7 | Кроење на дрвореди оформување на крошни со украсни грмушки и нивно негување | | | | 1 | | | | | | | 1 | | 2 |
| 8 | Окопување на цвеќиња (ружи) | | | | 1 | 1 | | 1 | | | 1 | | | 4 |
| 9 | Кроење на цвеќиња (ружи) | | | | 1 | | | | | | 1 | | | 2 |
| 10 | Чистење на зелени површини од листови идр. | | | | 1 | | | | | | 2 | 2 | | 5 |
| 11 | Залевање на зелени површини | | | | | 5 | 8 | 8 | 8 | 5 | | | | 34 |
| 12 | Сечење на ивици по стази | | | | | 1 | | | | 1 | | | | 2 |

## ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Задолжен субјект за извршување на активностите предложени со оваа Програма е ЈПК „Комуналец„ - Пехчево.

ЈПК„Комуналец" Пехчево изготвува Годишна програма за работа, која ги содржи површините, основните операции и динамиката на нивно извршување, поделбата на територијата на реони и катастерски преглед на секоја од површините, како и потребните средства.

За подигањето на ново јавно зеленило и реконструкција на деградирано јавно зеленило, Општина Пехчево покрај ЈПК„Комуналец" може да вклучи и други правни лица, одбрани преку јавен повик.

## НАДЗОР НАД ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Надзор над извршувањето на Програмата согласно Одлуката за комунален ред на општина Пехчево врши Одделението за урбанизам, комуналии работи, заштита на животната средина и ЛЕР при општина Пехчево.

Инспекциски надзор согласно Одлуката за комунален ред врши општинскиот комунален инспектор. (**Член 43 е избришан**)**- Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице, во мандатна постапка, ако постапува спротивно на одредбите од Одлуката за комунален ред- Прекршочни одредби.**

## ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПРЕДВИДЕНИ СО ПРОГРАМАТА

Финансирањето на активностите за одржување на јавното зеленило, предвидени со оваа програма, се ерши од Буџетот иа општина Пехчево Програма каде што се предвидени средава во висина од 550.000,00 денари,

Делот за подигање и реконстуирање на јавни зелени површини се финансира преку Програмата за уредување на градежно земјиште за 2018 година.

Цените за работите околу одржувањето,подигањето и реконструкцијата на зеленилото,кои ги врши ЈПК„комуналец"Пехчево се дефинирани согласно важечките ценовници за ваков вид на услуги

## ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Изработил: Овластен инспектор Светлана Стамболиска

Бр.08-615/1
25.05.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за работа на општински комунален инспектор на општина Пехчево за 2021 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за работа на општински комунален инспектор на општина Пехчево за 2021 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на триесет и шестата седница одржана на ден 25.05.2021 година.

Бр. 09-632/14
25.05.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
## НА КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОР НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2021 год

Работните активности на општинскиот комунален инспектор во текот на 2021 година се засноваат на вршење на инспекциски надзор над примената на следните законски прописи:

1. Закон за комунални дејности ("Службен весник на РМ,, бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15,31/16 , 64/18 и 302/20)
2. Закон за јавна чистота ("Службен весник на РМ,, бр.130/10 пречистен текст, 23/11, 53/11, 80/12 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16)
3. Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води ("Службен весник на РМ,, бр.68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13,10/15, 147/15 и 31/16)
4. Закон за урбано зеленило ("Службен весник на РМ,, бр.11/18 и 42/20)
5. Закон за гробишта и погребални услуги ("Службен весник на РМ,, бр.86/2008, 156/10, 53/11, 163/13152/2015 и 31/2016)
6. Закон за управување со пакување и отпад од пакувањето ("Службен весник на РМ,, бр.161/09, 17/11, 47/11, 136/11, 6/12, 39/12, 163/13, 146/5 и 39/16)
7. Закон за инспекциски надзор ("Службен весник на РСМ,, бр.102/2019)
8. Закон за општата управна постапка ("Службен весник на РМ ,,бр.124/15)
9. Закон за прекршоци ("Службен весник на РСМ ,,бр.96/19)

Предвид ќе бидат земени и сите можни изменувања и дополнувања на законските и подзаконските акти, како и евентуални нови надлежности.

Надлежност:

Инспекторот врши инспекциски надзор над примената на овие закони и прописите донесени врз основа на овие закони на јавни површини и на отворените простори на јавни објекти, на даватели на услуги кои се од јавен интерес од локално значење на општината Пехчево, согласно со закон.

Инспекцискиот надзор се врши како:

- Редовен инспекциски надзор

- Вонреден инспекциски надзор
- Контролен инспекциски надзор

Редовниот инспекциски надзор е најавен надзор кој се врши врз основа на Програмата на општинскиот комунален инспектор и опфаќа надзор на спроведување на законите и прописите донесени врз основа на законите.

Вонредниот инспекциски надзор е ненајавен надзор и се врши врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, физички или правни лица, како и во случај на сомневање на инспекторот (по службена должност).

Контролен инспекциски надзор се врши по истекот на рокот определен во решението донесен од страна на инспекторот, при што инспекторот при утврдување на фактичката состојба ќе констатира дека субјектот на надзорот:

- постапил по решението во целост
- делумно постапил по решението или
- не постапил по решението.

Согласно законската регулатива која е погоре наведена за работа на општинскиот комунален инспектор на општина Пехчево за 2021 год. инспекцискиот надзор ќе се извршува на:

1. Одржување на јавната чистота на јавни и сообраќајни површини (миење и метење на јавни површини како и чистење снег во зимски услови согласно со Годишната програма за одржување на јавна чистота на давателот на услуга);
2. Расчистување на снег пред деловните објекти, пред индвидуални и колективни станбени згради (правни и физички лица);
3. Одржување и поставување на урбана опрема и други подвижни и не подвижни ствари;
4. Одржување на јавно зеленило и паркови согласно годишната програма за одржување на јавно зеленило и паркови површини (на давател на услуга ЈКП Комуналец Пехчево);
5. Одржување на јавни површини на отворени простори согласно со годишната програма за одржување на јавна чистота (правни и физички лица);
6. Одржување на јавната чистота на лица кои управуваат со јавни објекти (правни и физички лица);
7. Одржување на градскиот кеј на Писа – Пехчевска Река;
8. Испуштање на отпадни води (правни и физички лица);
9. Надзор над извршување на годишната програмата за контрола на популацијата за бездомни кучиња на територија на општина Пехчево;
10. Управување и одржување на градските гробишта на давателот на услуга ЈКП Комуналец - Пехчево;
11. Вршење на погребални услуги на правни лица со добиена дозвола за вршење на погребални услуги;
12. Одржување на јавниот простор за паркирање;
13. Одржување на Градски пазар од страна на ЈКП Комуналец - Пехчево како давател на услуга;
14. Инспекциски надзор на правни и физички лица како корисници на комунални услуги;
15. Инспекциски надзор на неконтролирано оставање, фрлање, напуштање и спалување на отпадот;
16. Соголување и засекување на стебла на дрва;
17. Откривање и оштетување на корења на дрва и садници;
18. Истурање нечиста вода и други течности на зеленилото кои го загадуваат и оштетуваат зеленилото;

Овие активности се неминовно потребни за да се дојде до ефикасни законски решенија, со што би се зголемиле надлежностите на општинскиот комунален инспектор, бидејќи сегашните законски и подзаконски акти, цениме дека имаат одредени недоречености и не се целосно ефикасни.

Исто така, општинскиот комунален инспектор ќе продолжи и со активностите за предлагање на измени и дополнувања на постојаната законска регулатива во соработка со надлежните институции, сè со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на законските и подзаконските акти во интерес на подобрување на животот на граѓаните на општина Пехчево.

За спроведување на оваа Програма врз основа на Законот за комунални дејности, Законот за јавната чистота и подзаконските акти и прописите донесени врз основа на овие закони( Одлуката за јавна чистота), надзор врши општинскиот комунален инспектор во координација со комуналните редари.

**Оперативен план за работа на општински комунален инспектор**

При утврдување на содржината на Годишната програма за работа на општинскиот комунален инспектор, се планираат следните активности: редовни инспекциски надзори, контролни и вонредни (по барања, пријави и претставки).

| Реден број | АКТИВНОСТ/ПРОЕКТ | ЦЕЛ НА АКТИВНОСТА | БРОЈ НА ПРЕДВИДЕНИ НАДЗОРИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА (месец) | НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТА | ИНДИКАТОРИ (КРИТЕРИУМИ) ЗА УСПЕШНОСТ | РИЗИЦИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Редовен инспекциски надзор | Превентива, контрола и санкционирање | 1 | Јануари (01.01-31.01) | Општински комунален инспектор | - Број на поднесени пријави и жалби | СРЕДЕН |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 2 | | | | ВИСОК |
| 2 | Редовен инспекциски надзор | | 1 | Февруари (01.02-28.01) | Општински комунален инспектор | - Број на поднесени пријави и жалби | СРЕДЕН |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 2 | | | | ВИСОК |
| 3 | Редовен инспекциски надзор | | 1 | Март (01.03-31.03) | Општински комунален инспектор | - Број на поднесени пријави и жалби | СРЕДЕН |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 3 | | | | ВИСОК |
| 4 | Редовен инспекциски надзор | | 1 | Април (01.04-30.04) | Општински комунален инспектор | - Број на поднесени пријави и жалби | СРЕДЕН |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 3 | | | | ВИСОК |
| 5 | Редовен инспекциски надзор | | 2 | Мај (01.05-31.05) | Општински комунален инспектор | - Број на поднесени пријави и жалби | СРЕДЕН |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 4 | | | | ВИСОК |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Редовен инспекциски надзор | Превентива, контрола и санкционирање | 1 | Јуни (01.06-30.06) | Општински комунален инспектор | - Број на поднесени пријави и жалби | СРЕДЕН |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 4 | | | | ВИСОК |
| 7 | Редовен инспекциски надзор | | 1 | Јули (01.07-31.07) | Општински комунален инспектор | - Број на поднесени пријави и жалби | СРЕДЕН |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 3 | | | | ВИСОК |
| 8 | Редовен инспекциски надзор | | 1 | Август (01.08-31.08) | Општински комунален инспектор | - Број на поднесени пријави и жалби | СРЕДЕН |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 2 | | | | ВИСОК |
| 9 | Редовен инспекциски надзор | | 2 | Септември (01.09-30.09) | Општински комунален инспектор | - Број на поднесени пријави и жалби | СРЕДЕН |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 3 | | | | ВИСОК |
| 10 | Редовен инспекциски надзор | | 1 | Октомври (01.10-31.10) | Општински комунален инспектор | - Број на поднесени пријави и жалби | СРЕДЕН |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 5 | | | | ВИСОК |
| 11 | Редовен инспекциски надзор | | 1 | Ноември (01.11-30.11) | Општински комунален инспектор | - Број на поднесени пријави и жалби | СРЕДЕН |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 2 | | | | ВИСОК |
| 12 | Редовен инспекциски надзор | | 1 | Декември (01.12-31.12) | Општински комунален инспектор | - Број на поднесени пријави и жалби | СРЕДЕН |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 3 | | | | ВИСОК |

Изработил: Овластен инспектор Светлана Стамболиска

Бр.08-616/1
25.05.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња за 2021 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња за 2021 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на триесет и шестата седница одржана на ден 25.05.2021 година.

Бр. 09-632/15
25.05.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 5, став 15 од Законот за комунални дејности (Службен весник на РМ бр. 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15 и 31/16) и член 159 од Одлуката за комунален ред на општина Пехчево бр. 07- 1717/1 од 22.10.2013 год., Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 25.05.2021 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња за 2021 година**

Со оваа Програма за други комунални услуги, се планира да се утврди обемот на активностите за третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, се предвидуваат работи и работни задачи, активности за извршување, динамика, услови, организација и реализација на предвидената програма, како и предвидените средства за работа и начинот на финансирање.
Поточно, Програмата подразбира контрола на популацијата на бездомните кучиња што првенствено се постигнува со стерилизација/кастрација, вакцинација, обележување и повторното враќање на животните на територијата од која што биле заловени и е метода од суштинска важност за контрола на прекумерната бројност. Се превенираат несакани раѓања, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата, се избегнува нехуманото усмртување кое проблемот само го продлабочува. Стерилизираните -кастрираните кучиња повеќе не се размножуваат, се разбива појавата на глутници кои се резултат на женки во циклус, се урамнотежува хормоналниот статус на животните, случаите на каснувања опаѓаат за 95%. Кучињата се вакцинирани, прочистени од внатрешни и надворешни паразити и се здрави. Се воспоставува контрола на теренот при што се исклучува можноста за појава на беснило. Обележаните кучиња се познати на населението и имаат поголеми шанси да се вдомат. Вратени на локацијата од која се заловени ја чуваат локацијата од миграција на други единки со што се превенираат болести и зарази. „Залови – стерилизирај - вакцинирај – врати“ е востановена како единствена ефикасна стратегија и од страна на Светската Здравствена Организација. Комуналната редарска служба ќе врши контрола на терен за спроведување на обврските на граѓаните согласно Одлуката за комунален ред. На територијата на општина Пехчево во моментот 180 сопственици на кучиња, имаат регистрирано околу 300 кучиња. Обврската за идентификација и регистрација на домашни миленици, мора да се исполнува.

Планирани активности

Напореден сегмент битен за постигнување на правилна контрола на популацијата на бездомни животни е едукација на населението и промовирање мерки за стерилизација на кучиња од страна на нивните сопственици во согласност со важечките законски прописи и мерки против напуштање животни (трајно обележување - чипирање и регистрација на кучињата од страна на сопствениците , едукација на имателите на кучиња и казнување за неодговорните сопственици).

Програмата за решавање на проблемот со животните кучиња скитници на подрачјето на Општина Пехчево е заснована на нивна перманентна контрола на подрачјето на целиот град и пошироко и ги предвидува следните активности:

Со цел за разрешување на проблемот со кучињата скитници во општина Пехчево превземени се одредени активности од страна на Локалната самоуправа. За тековно и нормално функционирање на програмата и за третирање на кучињата скитници и нивен медицински третман општината спроведе оглас за заловување, прифаќање и третирање на кучињата скитници и други нерегистрирани кучиња во општина Пехчево со спроведување на постапка со барање на прибирање на понуди, со електронска аукција изберена е понудата од економскиот оператор АД Ветеринарно сточарски центар Тодор Велков од Куманово, со кој склучи договор. Во понудата се одредени активностите и финансиските средства за реализација на програмата. Техничката понуда на економскиот оператор АД Ветеринарно сточарски центар Тодор Велков од Куманово се состои од два дела, каде за секоја ставка има дадено поединечна цена :

1. Стручен третман:
- безболно заловување на кучиња(со фотографирање) и нивен транспорт до прифаталиште, враќање во реон;
- лабараториско испитување на Лајшманиоза;
- стерилизација на кучиња женки;
- кастрација на машки кучиња;
- идентификација и регистрација со микрочипови и ушни маркички со изработка на досие;
- вакцинација против беснило и антипаразитски третман;
- престој во прифаталиште по куче од ден;

2. Еутаназија
- заловување на животните и нивен транспорт до прифаталиште, транспорт до депонија;

Средствата се предвидуваат во програмата за комунални дејности, ставка Ј8 во буџетот на општина Пехчево.

Фактичката вредност на извршената услуга ќе се утврдува периодично во присуство на претставник од Локалната самоуправа и избраната фирма согласно единичните цени кои се дадени во Понудата на избраната фирма и бројот на кучињата кои се третирани.

Составен дел на Програмата за третман на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња за 2021 година е и Планот за вршење на контрола на заловените кучиња од страна на комуналните редари.

Согласно истата се планира на секое тромесечје да се врши заловување на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња на територијата на оштина Пехчево, согласно спроведената постапка и обезбедените средства од буџетот на општината.

План за вршење на контрола на заловените кучиња од страна на комуналниот инспектор и комуналните редари во општина Пехчево

| Ред. број | Период(месеци) | Активност | Единца мера | количина | Број на операции |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | февруари, март | Заловување на територијата околу депонијата | бр. | / | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | април, мај, јуни | Заловување околу ООУ Ванчо Китанов и детската установа 7ми септември во Пехчево и други улици | бр. | 10 | / |
| 3 | јули, август, септември | Заловување на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња во централното градско подрачје и депонијата | бр. | 12 | 1 |
| 4 | октомври, ноември, декември | Заловување на раскрсници во Пехчево и други места | бр. | 8 | 1 |

Изработил: Светлана Стамболиска - Општински комунален инспектор

Бр.08-617/1
25.05.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Пехчево за 2021 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Пехчево за 2021 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на триесет и шестата седница одржана на ден 25.05.2021 година.

Бр. 09-632/16
25.05.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

## ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ВО 2021 ГОДИНА

Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населениото од заразни болести се донесува согласно член 14, став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести (Сл. весник на Р.М. 66/2004; 139/2008 и 99/2009) и член 22, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на Р.М. 5/2002). Целта на ова програма е организирано спроведување на општи превентивни мерки за да се спречи појавата или да се намали, отстрани или искорени ширењето на заразните болести кај населението од подрачјето на општина Пехчево.

Со Програмата се утврдени активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиски средства за спроведување на општите мерки.

Општите мерки и активности ги организира и следи Локалната самоуправа Пехчево, во соработка и под стручен надзор на ЈЗУ Центар за јавно здравје – Кочани.

За заштита на населението од заразни болести, во 2021 година ќе се спроведат вообичаените општи мерки:

1. Обезбедување на безбедна вода за пиење.
2. Обезбедување на санитарно-хигиенски и други услови во објектите за производство и промет на храна.
3. Обезбедување на хигиено-технички услови во училишните и предучилишни установи.
4. Отстранување на цврстиот отпад и отпадните води на начин кој ќе овозможи заштита на човековата околина од загадување.
5. Превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во населени места и други јавни површини.
6. Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

### 1. Обезбедување безбедна вода за пиење и контрола на квалитетот

Водата има приоритет во обезбедувањето на основни услови за живот. Организираното водоснабдување, како дејност од јавен интерес, е слика на општествениот стандард и значаен предуслов за заштита од заразни заболувања и добро здравје. Од тука и во 2021 година примарната грижа на Општина Пехчево ке биде насочена кон обезбедување на населението со доволни количини

на здравствено исправна вода за пиење, намалување на загубите на вода на минимум и услови за непрекинато и удобно користење на водата за пиење.

### 1.1. Водоснабдување од градскиот водовод Пехчево

Согласно Одлуката за комунален ред, организираното водоснабдување на населението во Пехчево, Чифлик и Умлена го врши ЈКП "Комуналец" - Пехчево, преку Градскиот водовод - Пехчево. За таа цел во 2021 година КЈП "Комуналец" - Пехчево ќе се настојува да ги спроведе следните активности:

- заштита на "Пехчевска река" од можни загадувања;
- целосна преработка на суровата вода до вода за пиење;
- подобрување на мрежната инфрастриктура;
- воведување на „скада систем" за контрола на протокот на водата и откривање на дефекти во мрежата и нелегални приклучоци
- дополнително стручно усовршување на одговорниот кадар за перманентен надзор, и одржување на системот;
- имплементација на ХАЦЦП системот за контрола на безбедноста на водата;
- редовен мониторинг на водата од градскиот водовод и локалните селски водоводи и информирање на корисниците за квалитетот на водата.

Основниот мониторинг и информирањето на корисниците за квалитетот на водата ќе го спроведува територијално надлежниот Центар за јавно здравје Кочани. Основниот мониторинг ќе се спроведува еднаш на 2 недели на 3 примероци вода, и тоа: по еден примерок од сурова и два примерока пречистена вода од водоводната мрежа.

Периодичните анализи ќе се вршат најмалку еднаш годишно, во Институт за јавно здравје Скопје.

### 1.2. Водоснабдување од други јавни водоснабдителни објекти

Општина Пехчево, во соработка со ЈЗУ ЦЈЗ Кочани, четири пати годишно (по потреба и повеќе) го организира и го следи квалитетот на водата од селските водоводи на селата: Негрево, Црник и Панчарево.

Во секој резултат ќе стои и мислење за исправноста и квалитетот на водата. По потреба ќе се врши хиперхлорирање на објектите за вода, формирање на заштитни зони и превземање на други заштитни мерки или предупредување за користење на водата со претходно проврување.

На крајот од годината ќе се изготви годишна информација за состојбата со водоснабдувањето и процена на ризик.

## 2. Обезбедување санитарно-хигиенски услови во објекти за храна.

Во согласност со Законот за безбедност на храната. (Сл весник на РМ бр. 157/2010)., ЈЗУ ЦЈЗ Кочани ќе спроведува:

- консултантски услуги за воспоставување и примена на HACCP систем за контрола на безбедноста на храната;
- здравствени прегледи на вработените лица што работат со храна;
- едукација на вработените за хигиена на храната и заштита на животната средина;
- превентивни ДДД мерки;
- лабораториски испитувања на храна и на брисеви од раце на вработени и површини кои доагаат во контакт со храна (садови, прибор за јадење, работни маси за работа со храна).

## 3. Обезбедување санитарно-технички и и хигиенски услови во јавни објекти: училишни и предучилишни установи

**3.1.**За заштита на децата и учениците од цревни и други заразни заболувања, а особено од заразна жолтица, во 2021 година ќе продолжат редовните контроли на училишните и предучилишни установи од страна на санитарниот и здравствен инспектор и лекарите од Центарот за јавно здравје. Ќе се изврши детектирање на неусогласеност на санитарно - техничките и хигиенските услови во училиштата и ОЈУДГ “7 Септември” – Пехчево. Во детската градинка ОЈУДГ “7 Септември” – Пехчево, ќе се прават увиди два пати во текот на годината.(2x1000=2000ден.).

**3.2.** Следење на безбедност на храна во предучилишни установи. Со цел да се превенираат болестите поврзани со небезбедна храна ќе се врши лабораториска контола на храната и чистотата на објектите во кои се пригитвува храна за предучилишни деца. Активностите ќе се извршуваат согласно Правилникот за микробиолошка безбедност на храна и упатството изработено од ИЈЗ на РМ со земање и анализирање на вкупно 30 бриса годишно од градинката ОЈУДГ “7 Септември” – Пехчево **(30 x 200 = 6000)** на територија на Општина Пехчево и 8 подготвени оброци **(8 x 1650 = 13 200)**.

Врз основа на теренските увиди и бактериолошките испитувања градинката ќе добие извештај за најдената состојба со предлог мерки за подобрување.
На крајот од годината Советот на Општина Пехчево ќе разгледа годишна информација за целокупната состојба и поединечните мерки за подобрување.

Извештаите од теренските увиди и контролата на санитацијата на градинката ќе послужи за аплицирање проекти и добивање средства за санирање на најдените недостатоци.

**4. Правилно и навремено *о*тстранување на цврст отпад и отпадни води**

Организираното отстранување на цврст отпад и отпадни води го врши ЈКП “Комуналец” - Пехчево, во согласност со Законот за управување со отпадот и одредбите од Одлуката за комунален ред на Општина пехчево.

Се до профункционирањето на регионалната депонија, потребно е редовно затрупување на новодепонираниот комунален отпад во депонијата.

Член 113 од законот за води (Сл весник на РМ 87/2008) и Директивата 91/271/ЕЕС ги задолжува општините да ги пречистат урбаните и биолошко разградивите индустриски отпадни води и што произлегуваат од нивното подрачје.

Претпристапните фондови на ЕУ обезбедуваат средства за еколошки проекти даваат можност Општина Пехчево да проектира и изгради канализација во селата Чифлик, Негрево, Црник и Панчарево и пречистителна станица за отпадните води, како значаен услов одржлив развој и промовирање на општината како еколошко подрачје.

**5. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација**

Превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација е задолжителна во здравствени, училишни, предучилишни и социјални установи; во објекти за производство и промет на храна, зелени пазари, станици за патнички сообракај, канализации, депонии и друго.

Согласно Законот за заштита на населението од заразни болести (Сл. весник 66/2004 -член 39 и член 43) овластени да вршат ДДД на јавни установи и на други јавни површини се центрите за јавно здравје.

**5.1. Превентивна дезинфекција**

Превентивната дезинфекција во предучилишните и училишни установи ќе се врши пред почетокот на школската година и пред почетокот на второто полугодие. Дезинфекцијата на Градскиот пазар ќе се врши во летниот и есенскиот период.

**5.2. Превентивна дезинсекција**

5.2.1. Превентивна дезинсекција од летечки и лазечки инсекти ќе спроведуваат во летниот и есенски период сите објекти за храна, со примена на НАССР мерките на претпазливост.

5.2.2. Како превентивна мерка за спречување на ширењето на западно нилска треска кое е сериозно заразно заболување , како и за заштита од пренесување на маларија и сведување на

толерантно ниво на непријатноста од наездата на комарците се предлага да се спроведат најмалку 3 теристички прскања со водно растворливиот преперат аквакотрин. Теристичките прскања ќе се спроведат на крајот на мај, средината на јули и август, со опфат од по 50 хектари, во населените места на општината. Доколку постои интерес може да се реализира и едно авионското прскање во втората половина на јуни, со опфат од најмалку 500 хектари.

**5.3. Превентивна дератизација**

Општина Пехчево еднаш годишно ќе спроведе општа дератизација во неселените места и нивната околина (согласно член 42 од Законот за заштита на населението од заразни болести).

5.3.1.Општата дератизација ке ја спроведе ЈЗУ ЦЈЗ Кочани, во ноември 2021 година. Во спроведувањето на општа дератизација ке се опфатат градската канализација, канализацијата во село Умлена и депонијата за комунален отпад. Шахтите на канализации Ќе се третираат 150 канализациони шахти (120 во Пехчево и 30 во селата во Општината) со по 300 грама кумарински препарат (150 гр. кумарински блокови и 150 гр пелети). Во соработка со претставник на КЈП „Комуналец“ Пехчево, се планира да се постават 50 кг. кумарински препарати, и тоа 36 кг во канализацијата на градот, 9 кг во канализацијата на с. Умлена и 5 кг. кумарински блокови за Депонијата за комунален цврст отпад. Средствата за ова намена ке ги обезбеди Општина Пехчево.

5.3.2. Согласно Законот за заштита од заразни болести и Законот за безбедност на храната, правните лица кои работат со храна ќе спроведуваат континуирана дератизација, за да ја заштитат храната од загадување.

6. Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението

За заштита и унапредување на здравјето на населението секојдневно ке се врши советување на лица заболени од заразна болест, за која е доставена Пријава за заразно заболување.

Редовно ќе се едуцира младото население за унапредување на сексуалното здравје.

Во зависност од случувањата ќе се спроведуват и тестирања на малигни заболувања во цревниот тракт и заразеност од заразна жолтица, бруцелоза, СИДА и други заразни заболувања.

**Финансирање на Програмата од Буџетот на Општина Пехчево**

**1.2. Следење на безбедноста на водите за пиење од селските водоводи 24000**

- (12 Хемиски и бактериолошки анализи * 2000 ден = 24000 ден.)

**III. Надзор над детската градинка ЈОУДГ „7 СЕПТЕМВРИ“**

- Теренски увиди и изготвување на извештај ........... 2 000
- Следење на безбедност на храна во предучилишни установи.

Анализирање на вкупно 30 бриса годишно од градинкиата (30 X 200 ден. = 6 000 ден.) на територија на Општина Пехчево и 8 подготвени оброци (8 x 1650 ден. = 13 200 ден.)

**5.2. Уништување на комарци**

**Три теристички третирања на комарци во населени места = 60 000 ден.**

**5.3 Опште дератизација на канализациите и депонијата 30 000**

- (45 кг препарат за канализации и 5 кг. За депонијата = 50 кг * 600 ден = 30 000 ден)

| **Вид на активности** | **Цена** |
|---|---|
| Води за пиење | 24 000 |
| Хигиено – технички контроли (увиди) на предучилишни установи и изготвување на извештаи | 2 000 |
| Следење на безбедност на храна и чистотата на објектите во кои се пригитвува храна за предучилишни деца | 19 200 |
| Уништување на комарци во населени места | 60 000 |

| | |
|---|---|
| Дератизација на канализации и депонија | 30 000 |
| **ВКУПНО** | **135 200** |

Доколку се направи и авиодезинсекција која е 165 000 ден. целокупната програма за Општината ке изнесува 300 200ден.

Давањето услуги на Општина Пехчево ќе се регулира со посебен договор, склучен помеѓу Општината и ЈЗУ ЦЈЗ Кочани.

Бр.08-618/1
25.05.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок за програма за управување со отпад на општина Пехчево за 2021 година**

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за програма за управување со отпад на општина Пехчево за 2021 година, што советот на општина Пехчево го донесе на триесет и шестата седница одржана на ден 25.05.2021 година.

Бр. 09-632/17
25.05.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија’’ бр.5/02) и член 30 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Пехчево („Службен гласник на Општина Пехчево “ бр.06/2016 и 05/2019), Советот на Општина Пехчево на седницата одржана на 25.05.2021 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за програма за управување со отпад на општина Пехчево за 2021 година**

Член 1

Програмата за управување со отпад на општина Пехчево за 2021 година, ќе се разгледува на наредната седница на совет на општина Пехчево.

Член 2

Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-619/1
25.05.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за усвојување на годишна програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Пехчево и работа на туристичко информативнот центар - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишна програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Пехчево и работа на туристичко информативнот центар - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на триесет и шестата седница одржана на ден 25.05.2021 година.

Бр. 09-632/18
25.05.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. Гласник на општина Пехчево бр.06/2016, 05/2019), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 25.05.2021 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на годишна програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Пехчево и работа на туристичко информативнот центар – Пехчево за 2021 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука советот на општина Пехчево ја усвојува Годишната програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Пехчево и работа на туристичко информативнот центар - Пехчево за 2021 година.

**Член 2**

Годишната програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Пехчево и работа на туристичко информативнот центар - Пехчево за 2021 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-620/1
25.05.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

**ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО И РАБОТА НА ТУРИСТИЧКО – ИНФОРМАТИВНИОТ ЦЕНТАР - ПЕХЧЕВО**

**2021 ГОДИНА**

## 1. ВОВЕД

Туризмот претставува сложена, динамична, општествена и економска појава во современиот свет. Туристичкото стопанство кое ги создава туристичките услуги е сложен систем составен од голем број на единки и субјекти како што се: туристички организации и агенции, угостителски објекти, сместувачки капацитети, сообраќајни претпријатија, трговија, комунални услуги, занаетчиство, поединци кои даваат туристички услуги, производители на храна, земјоделци, јавни државни и локални институции и друго. Сите овие субјекти, припаѓаат на различни стопански гранки, со што се создава една спесифична сложена групација која е од огромно значење за општиот економски и соцјален развој на Пехчево како туристичка дестинација.

***Основна цел на туристичко – информативниот центар*** е да понуди што поголема достапност на информации за туристичките локалитети во Пехчево и да промовира зачувување и заштитување на животнта средина, одржливо користење на енергија, различни видови на туризам, како и зајакнување на институционалните и човечките капацитети за развој на туризмот во Пехчево.

***Целни корисници на услугите:***

- Туристи од нашата земја и од странските земји кои го посетуваат Пехчево, неговите природни убавини и туристичките локалитети;
- Учениците од основни и средни училишта;
- Здруженија и организирани групи;

Програмата за поттикнување на туризмот се однесува на луѓето од локалната заедница кои преку меѓусебна соработка допринесуваат за организиран пристап на туристичкиот пазар.

Институционалната мерка и конкретни проекти несомнено ќе ја одразат посветеноста и ангажираноста на стручниот кадар во насока на подобрување на квалитетот на туризмот и пораст на локалниот економски бенифит на учесниците во туристичкиот сектор и подигнување на квалитетот на живот за жителите на Општина Пехчево.

Непосредното учество на релевантните фактори од сферата на туризмот, во процесот на планирање на програмата, претставува основа за создавањето на изворната слика за местото, имицот

и комплетниот туристички производ кој треба да се понуди на туристичкиот пазар. Преку заеднички напори кои овозможуваат создавање на заедничка визија ќе се идентификува широк спектар на активности и ќе иницираат создавање на здрава основа врз која ќе се планираат понатамошните активности, а сето тоа ќе допринесе за мултиплицирање на бројот на гости и задоволни посетители.

Општина Пехчево се наоѓа во источниот дел на Република Северна Македонија со површина од само 208м$^2$ . Оваа општина е една од најатрактивните туристички локации во источниот дел на нашата држава. Популарноста се должи на природните убавини, незагадената животна средина и здравата традиционална храна, што ја нуди оваа локација на посетителите. Општина Пехчево како чиста и незагадена рурална средина, окаректизирана со уникатни природни реткости препознаени како национален ресурс за развој на алтернативниот и планински туризам.

## 1. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА 2021 ГОДИНА

За реализација на Програмата за поттикнување и развој на туризмот во Општина Пехчево и работа на туристичко – информативниот центар – Пехчево, ќе бидат обезбедени средства од Буџетот на општина Пехчево и други извори на финансирање од донации и проекти. Вкупен буџет - **225.000,00 денари**

## 2. АКТИВНОСТИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

### 1. *Туристичка промоција на општина Пехчево и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми*

Оваа активност ќе биде реализирана преку соработка со релевантни печатени и електронски медиуми од областа на туризмот со цел промоција на туристичката понуда и потенцијалите на Пехчево. Активноста ќе се реализира преку објавување на статии, репортажи и реклами за Пехчево со цел приближување на туристичкиот потенцјал на Пехчево до граѓаните во земјата каде се печатат и дистрибуираат овие магазини. **- 50.000,00 денари**

### 2. *Организација на промо – тура - Пехчево*

Поддршката на развојот на туризмот е секогаш во фокусот на развојните програми на општина Пехчево. Една од најуспешните форми на дирекна промоција на туристичкиот потенцјал, производ и понуда, претставува организацијата на промотивните тури за деловен престој на претставници на туристички организации ( агенции, туроператори) и медиуми кои престојуваат во Пехчево 3-4 дена, при што се запознаваат со туристичкиот потенцијал на градот и околината и остваруваат повеќе деловни средби со претставниците од туристичкиот сектор од Пехчево. Концептот на организирање на одделни посети во неколку наврати во текот на годината од различни претставници на туристичкиот сектор се покажа како успешен модел на промоција поради што истиот ќе се практикува во текот на цела година.

Целта на организирање на промо – турата е да се дефинираат и креираат нови пакети аранжмани за Пехчево и воедно да се направат поголем број на промотивни репортажи за градот и околината.**- 80.000,00 денари**

### 3. *Организација на манифестации и поддршка на различни активности и настани поврзани со промоција на туристичките производи*

Активна и непосредна презентација на целокупната понуда во сегменти на алтернативни форми на туризмот како стопанска гранка која што најнепосредно носи економски бенифит на најширок круг на семејства и граѓани на општината е целта на оваа програмска активност ќе се реализираат повеќе видови на манифестации меѓу кои:

- Традиционална туристичко – промотивна манифестација ***„Пехчево на софра„***, која има за цел да го промовира руралниот туризам и традиционалните јадења од овој крај;
- ***„Денови на медот“*** – Преку оваа манифестација локалните производители имаат можност да ги презентираат своите пчелни производи, а истата ќе биде одлична можност за граѓаните на овој крај и туристите кои го посетуваат Пехчево, како и да ги вкусат квалитетниот мед и производите од мед;
- ***„Етно саем*** – Пехчевски Павловден“ – изложување и промоција на традиционални производи, ракотворби и рачно изработени изработки од малешевскиот крај, па и од другите краеви на нашата држава; -

  **Вкупно 40.00,00 денари**

4. ***Бесплатен hot spot интернет*** – Поставувањето на бесплатен hot spot интернет на три локации ќе биде одлична можност за посетителите и гостите во градот преку користење на бесплатен интернет да добијат информации за туристичката понуда и услугите во градот.- **5.000,00 денари**

5. ***Учество во локални микропроекти се со цел да се поттикне развојот на туризмот*** – целта на оваа активност е поттикнување на развојот на туризмот, развој на нови туристички производи и нивна промоција, со финансиска подршка од Општина Пехчево. Учеството во локални микропроекти ќе има за цел општествена корист во насока на збогатување на туристичката понуда или подобрување на туристичката инфраструктура.

6. Неопходно е да се направат ***регистри за сместувачки капацитети,*** за кои ќе биде одговорен туристичко информатиовниот центар во рамки на општина Пехчево и ќе води ***редовна статистика*** за посетителите, како и за нивните интереси и барања. Со ова ќе се создаде основа за анализа базирана на податоци, а дополнително ќе придонесе кон планирање на туристички пакети за различните интересни групи со соодветни содржини.

7. ***Вмрежување и потесна соработка на засегнатите страни*** (општини, хотели, ресторани, фарми, бачила, планинари, собирачи/преработувачи на диви шумски плодови, задруженија и слично, како и туристички агенции за дојдовен туризам и тур оператори) и креирање на **интегрирана туристичка понуда** која ќе ги обедини различните содржини и ќе понуди разновидни програми за престој во неколку дена. Како можност може да се понудат различни, фокусирани **туристички пакети** за различни целни групи ( пример семеен туризам, детски кампови, конференции и слично).

8. ***Одржување на постоечките капацитети и атракции во Општина Пехчево***, со поддршка на општината, за успешна туристичко – промотивна приказна.**- 40.000,00 денари**

9. ***Зајакнување на човечките капацитети и континуирана едукација,*** вклучени во туристичкиот бизнис, како во однос на туристичките и угостителските аспекти, така и во однос на подготвеноста и компетентноста за успешно и ефикасно користење на различните фондови кои се однесуваат на развој на руралните средини и рурална инфраструктура (национални фондови, ИПАРД2, меѓу – гранична соработка и слично);**- 10,000,00 денари**

10. Во делот на промоција на ***традиционалната храна,*** потребен е исто така и системски пристап. Тука треба поинтезивно да се размислува околу заштитата на земјоделските и прехрамбените производи со ознака за потекло, географска ознака или ознака за гарантиран традиционален специјалитет.**- 5,000,00 денари**

11. Во однос на ***лековитите билки и шумски плодови,*** потребна е ***едукација за нивно правилно собирање*** и да се потпишат количини за нивно одржливо користење. Ова отвара дополнителна можност за вклучување на оваа активност во туристичката понуда.

| ПРЕДВИДЕНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ВО ОБЛАСТА НА ТУРИЗМОТ | | |
|---|---|---|
| Реден број | Активност | Буџет |
| **1.** | ***Туристичка промоција на општина Пехчево и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми*** | **50.000,00 денари** |
| **2.** | ***Организација на промо – тура - Пехчево*** | **80.000,00 денари** |
| **3.** | ***Организација на манифестации и поддршка на различни активности и настани поврзани со промоција на туристичките производи*** | **40.00,00 денари** |
| **4.** | ***Бесплатен hot spot интернет*** | **5.000,00 денари** |
| **5.** | ***Вмрежување и потесна соработка на засегнатите страни*** | |
| **6.** | ***Неопходно е да се направат регистри за сместувачки капацитети, за кои ќе биде одговорен туристичко информатиовниот центар во рамки на општина Пехчево и ќе води редовна статистика за посетителите, како и за нивните интереси и барања. Со ова ќе се создаде основа за анализа базирана на податоци, а дополнително ќе придонесе кон планирање на туристички пакети за различните интересни групи со соодветни содржини*** | |
| **7.** | ***Одржување на постоечките капацитети и атракции во Општина Пехчево*** | **40.000,00 денари** |
| **8.** | ***Зајакнување на човечките капацитети и континуирана едукација*** | **10.000,00 денари** |
| **9.** | ***Промоција на традиционалната храна*** | **5.000,00 денари** |
| **10.** | ***Во однос на лековитите билки и шумски плодови, потребна е едукација за нивно правилно собирање*** | |
| **11.** | ***Учество во локални микропроекти се со цел да се поттикне развојот на туризмот*** | |

**ЗАКЛУЧОК**

Трендовите во развој на туризмот се во насока на спесифично доживување кое ќе им се понудува на посетителите. Пехчево станува постепено атрактивна туристичка дестинација, како за домашни, така и за странски посетители. Популарноста се должи на природните убавини, незагадената животна средина и здравата традиционална храна, што ја нуди градот Пехчево, како и содржините за активен престој во природата.

За да се користат потенцјалите, неопходно е да се стави акцент на одредени активности кои ќе придонесат кон развивање на туризмот во Пехчево.

Како едни од најзначајните активности кои ги издвојуваме во оваа програма се:

- Изработка и ажурирање на регистри за сместувачки капацитети и категоризација на приватни сместувачки капацитети;
- Подготовка на интегрирана туристичка понуда и разработка на туристички пакети;
- Зајакнување на човечките капацитети;

Иако, Пехчево подолго време се соочува со миграција на населението во поголемите градови на Република Северена Македонија, па и надвор од државата, како резултат на повеќе фактори, меѓу кои и ограничените можности за вработување, ниските примања и сиромашниот културен живот. Тука развивањето на туризмот повеќеслојно може да ги промени состојбите во однос на подобрување на економските услови во Пехчево и квалитетот на живеење на локалното население.

Бр.08-620/2<br>25.05.2021 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за разрешување и именување на членови на Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за разрешување и именување на членови на Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на триесет и шестата седница одржана на ден 25.05.2021 година.

Бр. 09-632/19 Градоначалник на
25.05.2021 год. Општина Пехчево
Пехчево Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02) член 35 од Законот за култура (Сл.Весник на Р.М бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 15/2008, 116/2010, 47/2011, 51/2011, 136/2012, 23/2013, 187/2013, 44/2014, 61/2015, 154/2015, 39/2016 и 11/2018) и член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016, 05/2019), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 25.05.2021 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за разрешување и именување на членови на Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево**

**Член 1**

Валентина Веселинска се разрешува од должноста член на Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево поради поднесена оставка (неспоивост на функции).

Ана Пандурска се разрешува од должноста член на Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево поради неоправдано отсуство од 3 (три) седници на управен одбор.

За нови членови на Управен одбор на ОУ ДК ,,Јане Сандански,, - Пехчево се именуваат:

1. Љупчо Павловски - Пехчево
2. Александар Парасков - Пехчево

**Член 2**

Членовите на Управен одбор на ОУ ДК ,,Јане Сандански,, - Пехчево се именуваат за период од 4 (четири) години со право на повторно именување.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-621/1 Совет на општина Пехчево
25.05.2021 година Претседател
Пехчево Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на Правилникот за начинот и вршење на видео-надзор на територијата на општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Правилникот за начинот и вршење на видео-надзор на територијата на општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на триесет и шестата седница одржана на ден 25.05.2021 година.

Бр. 09-632/20
25.05.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002), член 90 став 2 од Законот за заштита на личните податоци (Сл.Весник на РСМ бр.42/2020) и член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. Гласник на општина Пехчево бр.06/2016, 05/2019), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 25.05.2021 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Правилникот за начинот на вршење на видео-надзор на територијата на општина Пехчево**

Член 1

Се усвојува Правилникот за начинот на вршење на видео-надзор на територија на општина Пехчево.

Член 2

Правилникот за начинот на вршење на видео-надзор на територија на општина Пехчево, е составен дел на оваа Одлука.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-622/1
25.05.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

**ОПШТИНА ПЕХЧЕВО**

Врз основа на член 50 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на Република Македонија" број 05/02), член 50 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Пехчево и член 90 став 2 од Законот за заштита на личните податоци ("Службен Весник на Република Северна Македонија" број 42/20), Градоначалникот на Општина Пехчево му предлага на Советот на Општина Пехчево, на својата 36-та седница што ќе се одржи на ден25.05.2021 година, да донесе :

## ПРАВИЛНИК
## за начинот на вршење на видео надзор на територија на Општина Пехчево

### Вовед
### Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот на вршење на видео надзор на локацијата Барски еко-систем „Езерце" што се наоѓа на територија на Општина Пехчево.

Овој Правилник дава опис на системот за вршење на видео надзор, целите на вршењето на видео надзор, категории на лични податоци, давање на користење и пренос на лични податоци обработени преку системот за вршење видео надзор, технички и организациски мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор, овластени лица за обработка на лични податоци преку системот за вршење на видео надзор, изјава за безбедност на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор, рок на чување на снимките од видео надзорот, известување за вршење на видео надзор, одредби за начинот на остварување на правата на субјектот на личните податоци, технички спецификации на опремата, план каде е поставен системот за вршење на видео надзор и преодни и завршни одредби.

### Опис на системот за вршење на видео надзор
### Член 2

Опремата за вршење на видео надзор ја сочинуваат: камери поврзани со DVR, сместен во заклучен орман (Server Rack) во близина на локацијата која ќе биде под видео надзор.

Видео надзорот на локацијата Барски еко-систем „Езерце" се врши со две (2) видео камери со следните технички карактеристики:

2MP CMOS, DH-HAC-DHW, Video frame rate: 25fps@1080P; effective picsels:1930(H) x 1088 (V) , focal length: 2.7~12mm, Mini illumination: 0.01 Lux@F1.2 (AGC ON), 0Lux IR on, Video output:1-channel BNC HDCVI high definition video output.

Место на поставеност на камерите:

- Едната камера ќе биде поставена на влезната платформа и ќе го опфаќа просторот од влезот кон внатре, урбаната опрема на влезот (клупи, канти за отпадоци), дел од летниковците и урбаната опрема во нив (дрвени маси и клупи), канделабрите со штедливи сијалици, како и дел од хортикултурното уредување на просторот (засадените растенија и дрвца), а
- Втората камера ќе биде поставена од спротивната страна и со истата ќе бидат опфатени останатите клупи и канти за отпадоци, останатите летниковци и урбаната опрема во нив (дрвени маси и клупи), останатите канделабри со штедливи сијалици, останатиот дел од хортикултурното уредување на просторот (засадените растенија и дрвца) и дел од детското игралиште (нишалки, клацкалки, куќички за игра, вртелешки).

Во случај на пријава на инцидент, снимките од системот за вршење на видео надзор на локацијата Барски еко-систем „Езерце“ што се наоѓа на територија на Општина Пехчево, ќе се гледаат преку компјутер кој ќе биде поврзан преку интернет со DVR-от. DVR-от ќе биде сместен во заклучен орман (Server Rack) наменет за надворешни услови, во близина на локацијата која ќе биде под видео надзор. Пристап до DVR-от ќе имаат овластените лица за пристап, прегледување и извлекување/издавање на снимки од видео надзорот. Снимките од видео надзорот ќе се гледаат само во случај на инцидент. За таа цел истите ќе се пренесат на надворешен медиум од страна на овластеното лице.

Општина Пехчево ги презема сите технички и организациски мерки за доверливост, интегритет и достапност на податоците кои се обработуваат преку системот за вршење на видео надзор, кои се подетално опишани во член 5 од овој правилник.

**Цел и обем на вршење на видео надзорот**
**Член 3**

Целта на вршење на видео надзорот на локацијата Барски еко-систем „Езерце“ што се наоѓа на територија на Општина Пехчево е заштита на сопственоста односно заштита на имотот и добрата во општа употреба односно 24 часовна заштита од кражба, вандализам, уништување или друга форма на загрозување на имотот и добрата, како и заштита од фрлање на ѓубре и заштита на животната средина околу предметната локација. Сево ова истовремено ќе влијае и за подобрување на безбедноста и здравјето на жителите на Општина Пехчево и посетителите од други места.

Видео надзорот се поставува, исклучиво и само заради исполнување на наведената цел, која подетално опфаќа:

- заштита на оградата, детското игралиште (нишалки, клацкалки, куќички за игра, вртелешки), дрвените летниковци со дрвени маси и дрвени клупи, корпите за отпадоци, влезната платформа поплочена со природен камен, дрвената платформа за набљудување, едукативните табли, канделабрите со штедливи сијалици, но и целата површина која е хортикултурно уредена со растенија и дрвца и заштита на животната средина околу предметната локација.

Следствено на ова, преку вршење на видео надзорот се овозможува соодветна 24 часовна заштита од кражба, вандализам, уништување или друга форма на загрозување на имотот и добрата во општа употреба на локацијата Барски еко-систем „Езерце“ на територија на Општина Пехчево.

Претходно направената Анализа на целта заради која се поставува системот за вршење на видео надзор, е составен дел од документацијата за воспоставување на системот на вршење на видео надзор. Анализата содржи и мислење од офицерот за заштита на личните податоци на Општина Пехчево, во однос на воспоставувањето на системот за вршење видео надзор.
Анализата од став 4 на овој член е составен дел на овој правилник. **(Прилог 1)**

**Категорија на лични податоци кои се обработуваат преку системот за видео надзор**
**Член 4**

Преку системот за видео надзор кој е поставен на локацијата Барски еко-систем „Езерце“ што се наоѓа на територија на Општина Пехчево, се обработуваат следните категории на лични податоци:

- Визуелни снимки на физички лица (ликот и целосниот физички изглед на лица, вклучително и малолетни лица кои повремено и случајно влегуваат во фокусот на камерите) кои се поставени заради цели утврдени во член 3 од овој правилник.

**Технички и организациски мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор**
**Член 5**

Општина Пехчево ги обезбедува следните технички и организациски мерки за безбедност при обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор поставен на локацијата Барски еко-систем „Езерце“ на територија на Општината:

- Ќе осигура дека хардверот за видео надзор и локацијата на компјутерот преку кој ќе се прегледуваат снимките во случај на инцидент, се безбедни;
- Ќе примени физичка и електронска контрола за пристап (т.е. заштита со лозинка и верификација на идентитет, брави кои се заклучуваат, логови за пристап и сл.) што ќе гарантира дека само овластените лица имаат пристап до личните податоци;
- Новата Политика за системот на заштита на личните податоци[1] што ќе ја усвои Општина Пехчево, исто така ќе опфати и процедури што се воспоставени за да се осигура дека горенаведените контроли за пристап се спроведуваат ефикасно (на пр. процедури во врска со доделување, менување и укинување на пристапот, процедури во врска со комплексноста на лозинката и фреквенцијата на промената, како и процедури за преглед на логовите за пристап);
- За овластените лица во Општина Пехчево кои имаат пристап до системот за вршење на видео надзор ќе се организира и спроведува обука за заштита на личните податоци (на годишно ниво);
- Ниту едно лице нема самостојно да пристапува до снимките од видео надзор. Ќе се примени верификација според правилото n-2, односно контрола на пристап од две овластени лица истовремено:
    - Едното овластено лице ќе знае еден дел од лозинката што се користи за пристап до DVR-от на кој има инсталирано софтвер потребен за пристап до снимките од

[1] Политиката за системот за заштита на личните податоци треба да им биде достапна на вработените во Општина Пехчево, како и на члeновите на Советот во Општина Пехчево.

видео надзорот, а другото овластено лице ќе го знае вториот дел од лозинка за да се најави на гореспоменатиот софтвер за да ги види/прегледа снимките.

- Детален лог ќе се води за секој пристап, откривање и/или користење на снимките од видео надзорот.
- Постапката за откривање на снимките од видео надзорот на надлежните органи за спроведување на законот, правните застапници и/или судот да биде детално објаснета во Политиката за системот за заштита на личните податоци. Таквите барања треба да бидат испратени во писмена форма до Општината и да бидат одобрени од најмалку две овластени лица во рамките на Општината.
- Снимките од видео надзорот ќе бидат криптирани.
- Пристапот до орманот (Server Rack) каде што е сместен DVR-от, да биде под видео надзор. Пристап до орманот ќе има администраторот на системот за вршење на видео надзор;
- Доколку е потребен пристап на друго лице до орманот каде што е сместен DVR-от, тогаш тоа лице треба да биде придружено и надгледувано од овластено лице;
- Уништување на снимките од видео надзор по истекот на рокот за чување;
- Почитување на техничките упатства при инсталирање и користење на опремата за видео надзорот.

Општина Пехчево презема и мерки за техничка и интегрирана заштита на личните податоци (Data protection by design and by default) согласно прописите за заштита на личните податоци.
Одржувачот на системот за вршење на видео надзор има обврска еднаш месечно да прави проверка за безбедноста на системот и да пополнува извештај кој е составен дел од документација за вршење 7на видео надзор на територијата на Општина Пехчево.

**Член 6**

Одделението за управување со човечки ресурси на Општина Пехчево го известува администраторот на системот за вршење на видео надзор за нови вработени и за престанок на вработување во општинската администрација, како и за промени во работниот статус или статусот на ангажирањето на овластените лица за да направи проверка, дали промените имаат влијание на нивото на дозволениот пристап до системот за вршење на видео надзор.

Со преземање на техничките и организациски мерки за обезбедување на безбедност на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор поставен на територија на Општина Пехчево, треба да се оневозможи:

- Случајно или незаконско уништување на снимките од видео надзор;
- Неовластено преправање, откривање или пристап при обработка на снимките од видео надзор;
- Неовластено гледање, копирање, промена или отстранување на медиумот на кој се сместени снимките од видео надзор;
- Неовластен пристап до збирката на податоци од друга локација преку комуникациски уреди.

**Овластени лица за обработка на лични податоци преку системот за вршење на видео надзор**

**Член 7**

Администраторот на системот за вршење на видео надзор и овластените лица од страна на Градоначалникот на Општина Пехчево имаат пристап и увид до личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор.

Администраторот на системот за вршење на видео надзор е лице вработено во Општина Пехчево овластено од страна на Градоначалникот на Општина Пехчево, со посебен акт.

Образецот на Овластувањето од ставот 2 на овој член е составен дел на овој правилник **(Образец бр. 1а).**

Администраторот има пристап до видео надзорот, го одржува системот за видео надзор, има пристап до архивата на снимените материјали и до орманот каде што е сместен DVR-от.

Администраторот ја координира и контролира примената на техничките и организациски мерки за обезбедување на безбедност при обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор.

Градоначалникот на Општина Пехчево по потреба може да овласти и друго лице за пристап до DVR-от, кој е сместен во посебен орман.

Лицата кои имаат пристап до снимките од видео надзорот и го прегледуваат снимениот материјал се овластени од страна на Градоначалникот на Општина Пехчево, со посебен акт.

Образецот на Овластувањето од ставот 7 на овој член е составен дел на овој правилник **(Образец бр. 1б).**

Овластените лица имаат право да ги прегледуваат снимките од видео надзорот и истите да ги чуваат за целите на кои се врши видео надзорот. Тие вршат обработката на снимките од видео надзор совесно и стручно во согласност со прописите за заштита на лични податоци.

**Член 8**

Администраторот и овластените лица имаат обврска да потпишат писмена изјава за безбедност на обработка на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор поставен на територија на Општина Пехчево.

Изјавата од став 1 на овој член е составен дел на овој правилник. **(Образец бр.2)**

**Член 9**

Општина Пехчево има право да врши контрола над работењето на овластените лица.

Доколку при извршената контрола е констатирано дека овластените лица не се придржуваат кон законските одредби и кон одредбите на овој правилник, на истите ќе им се одземе даденото овластување.

**Известување за вршење на видео надзорот**

**Член 10**

Пред поставување на системот за вршење на видео надзорот на територија на Општина Пехчево, на локацијата Барски еко-систем „Езерце“, на видливо место ќе биде поставено известување дека се врши видео надзор заради заштита на сопственоста односно заштита на имотот и добрата во општа употреба, или поконкретно ќе биде поставено известување дека се

врши видео надзор за заштита на заштита на оградата, детското игралиште, дрвените летниковци, корпите за отпадоци, влезната платформа поплочена со природен камен, дрвената платформа за набљудување, едукативните табли, канделабрите со штедливи сијалици, но и целата површина која е хортикултурното уредена со растенија и дрвца.

**Член 11**

Известување за вршење на видео надзорот ги содржи следните информации:

- Барски еко-систем „Езерце" е под видео надзор,
- видео надзорот го врши Општина Пехчево,
- контакт информации за офицерот за заштита на личните податоци,
- цели заради кои се врши видео надзор,
- од кого и како заинтересираните лица можат да се добијат информации за видео надзорот,
- колку време се чувааат снимките од видео надзорот,
- права на субјектите за лични податоци,
- QR код кој води до Изјавата за приватност.

Известувањето од став 1 на овој член е составен дел на овој правилник **(Образец бр.3)**

**Давање на користење на лични податоци обработени преку вршење на видео надзор**

**Член 12**

Општина Пехчево ги дава на користење снимките од видео надзор, врз основа на:

- писмено барање за давање на лични податоци обработени преку вршење на видео надзор поднесено во Архивата на Општина Пехчево во кое се наведува причината, законската основа поради која се бара увид и копија од снимениот материјал и времето за кое се бараат снимките од видео надзор, и
- издадено писмено одобрение од Градоначалникот на Општина Пехчево.

Прегледувањето на снимките од видео надзор се врши од страна на администраторот и овластените лице од член 7 од овој правилник.

Барањето и писменото одобрение од Градоначалникот од став 1 на овој член, се составен дел на овој правилник. **(Образец бр. 4 и 5)**

**Евиденција за пристап до системот за вршење на видео надзор (logs)**

**Член 13**

Општина Пехчево води евиденција за пристап до личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор поставен на територија на Општината (logs).

Евиденцијата ги содржи следниве податоци:

- ID на корисникот (име и презиме на овластеното лице);
- IP адреса од каде е пристапено;
- Датум и време на пристапување до системот (записи со датум и време кога овластеното лице се најавува и исклучува од системот);
- Видот на пристапот со операциите кои се преземени при обработка на податоците;
- До кои податоци е пристапено (снимки со датум и час) и акции кои се преземени (копирање, бришење);
- До кои датотеки е пристапено;

- Промени во конфигурацијата на системот.

**Рок на чување на снимениот материјал**
**Член 14**

Снимките направени при вршење на видео надзорот се чуваат до исполнување на целите заради кои се врши видео надзорот, но не подолго од 30 дена, при што истите по истекот на рокот автоматски се бришат од медиумот на кој што се чуваат.

Доколку се идентификува инцидент, копија од снимката од видео надзорот ќе се креира и чува безбедно додека не заврши истрагата на Општината (во врска со целите на системот за вршење на видео надзор) или додека истата не биде доставена на надлежниот орган за спроведување на законот, правниот застапник или судовите.

Снимките од видео надзорот може да се чуваат подолг временски период, само ако е тоа предвидено со друг закон.

Оригиналната снимка од видео надзорот за инцидентот ќе биде избришана.

**Евидентирање на снимките од видео надзор кои се даваат на користење и управување на медиуми**
**Член 15**

Општина Пехчево води евиденција на снимките од видео надзорот кои се даваат на користење, корисникот на личните податоци, причината заради која овие снимки се даваат на користење и податоци за статичните и мобилните медиуми што содржат лични податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор поставен на територија на Општината.

Медиумите и податоците зачувани на нив треба да се заштитат од неовластен пристап, намерно или случајно губење или оштетување.

Општина Пехчево внимава на сигурноста на преносот на медиумите, на начин што преносливите медиуми (USB,CD/DVD) се криптираат за да се спречи неовластен пристап до нив.

Евиденцијата од став 1 на овој член е составен дел на овој Правилник. **(Образец бр. 6)**

**Периодична оценка на постигнати резултати**
**Член 16**

Општина Пехчево врши периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење видео надзор поставен на територија на Општина Пехчево, секои две години, а во случај на поголеми промени (замена или надградба) во системот за вршење на видео надзор и на покус период, при што изработува извештај кој е составен дел на документацијата за воспоставување на системот на вршење на видео надзор.

Извештајот содржи оценка за понатамошно користење на системот за вршење на видео надзор, целта за вршење на видео надзор, статистички показатели за пристапот до снимките од видео надзорот, начин на давање на користење на снимките и за која цел.

Извештајот од став 1 на овој член е составен дел на овој Правилник. **(Образец 7)**

**Начин на остварување на правата на субјектот на лични податоци**
**Член 17**

За остварување на правата на субјектите на лични податоци чии податоци се обработуваат преку системот за видео надзор на територија на Општина Пехчево, Општина Пехчево донесува Изјава за приватност.

Изјавата за приватност од став 1 на овој член е составен дел на овој правилник **(Образец бр. 8).**

**Техничка спецификација на опремата**

**Член 18**

Техничката спецификација на опремата со која се врши видео надзор на територија на Општина Пехчево, особено бројот на камерите, резолуцијата и квалитетот на сликата, видот на камерите и DVR-от е составен дел на овој правилник **(Прилог 1).**

**План каде е поставен системот за вршење на видео надзор**

**Член 19**

Во Планот каде е поставен системот за вршење на видео надзор на територија на Општина Пехчево, графички се прикажува начинот на поставеноста на видео камерите, аголот на поставеност на камерите, просторот каде се врши видео надзорот, аголот на покриеност на просторот опфатен со видео надзорот, како и карта со локациите на местата каде што се поставени камерите.

Планот за поставување на системот за вршење на видео надзор е составен дел на овој правилник **(Прилог 2).**

**Преодни и завршни одредби**

**Член 20**

За се што не е предвидено со овој правилник важат одредбите од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видео надзор, Правилникот за содржината на анализата на целта, односно целите за кои се поставува видео надзорот и извештајот од извршена периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење на видео надзор и Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 122/20)

**Член 21**

Правилникот за начинот на вршење на видео надзор на локацијата Барски еко-систем „Езерце“ на територија на општина Пехчево, влегува во сила на денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Пехчево“.

Бр.08-622/2
25.05.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

**Образец 1а**

Врз основа на одредбите од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), Градоначалникот на Општина Пехчево го издава следното:

**О В Л А С Т У В А Њ Е**
**за авторизиран пристап до системот за вршење на видео надзор на територија на Општина Пехчево**

1. Се овластува лицето Живко Каликов, вработен во Општина Пехчево, Помлад соработник за ажурирање на веб страната на општина Пехчево, како администратор на системот за вршење на видео надзор поставен на територија на Општина Пехчево:

   - да пристапува и да врши обработка на личните податоци содржани во системот за вршење на видео надзор на територија на Општина Пехчево,
   - да пристапува до орманот каде што е сместен DVR-отите,
   - да ги планира и применува техничките и организациски мерки за обезбедување на безбедност на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор на територија на Општина Пехчево,
   - да врши контрола над обезбедувањето на безбедност на обработката на личните податоци,
   - да врши анализа и проценка на ризиците и да предлага мерки за нивно намалување при обработка на личните податоци во системот за вршење на видео надзор на територија на Општина Пехчево,
   - да изработува програма за проверки на сигурноста на системот за вршење на видео надзор и во координација со офицерот за заштита на личните податоци да врши редовни контроли на евиденцијата за авторизиран пристап до системот.

2. Се овластува администраторот на системот за вршење на видео надзор на територија на Општина Пехчево, на вработените во Општината да им доделува авторизиран пристап до системот, во согласност со овластувањата за вршење обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор, како и да го менува или одзема доделениот пристап.

3. Ова овластување важи за време додека лицето од точка 1 на ова Овластување ја врши улогата на администратор на системот за вршење на видео надзор на територија на Општина Пехчево.

4. Ова овластување влегува во сила на денот на донесувањето.

Општина Пехчево
Градоначалник,
Драган Тренчовски

**Образец бр. 1б**

Врз основа на одредбите од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), Градоначалникот на Општина Пехчево го издава следното:

**ОВЛАСТУВАЊЕ**
**за вршење обработка на лични податоци преку системот за видео надзор на територија на Општина Пехчево**

(1) Се овластува лицето Николчо Станоевски на работно место Советник за документација за градба и заштита на животна средина во Општина Пехчево, во Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР (сектор/одделение), да врши обработка на личните податоци содржани во системот за вршење на видео надзор на територија на Општина Пехчево.

(2) Лицето од ставот (1) на ова овластување задолжително треба да:

- ги почитува начелата за заштита на личните податоци;
- врши обработка на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор на територија на Општина Пехчево, согласно со упатствата добиени од Општината;
- ги почитува техничките и организациските мерки за обезбедување безбедност на личните податоци до кои ќе има пристап преку системот за вршење на видео надзор поставен на територија на Општина Пехчево; и
- ги чува како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита.

(3) Обемот на овластувањето за пристап до личните податоци е:

- да пристапува и да врши обработка на личните податоци содржани во системот за вршење на видео надзор на територијата на Општина Пехчево
- да ги брише личните податоци ид системот за видео надзор;
- да пристапува до ормарот каде што е сместен DVR – отите;

(да се опише обемот на овластување (на пример, да пристапува до системот, да брише, да коригира...)

(4) Рокот на важење на ова овластување е за време додека е на работното место[2] во Општина Пехчево.

(6) Ова овластување влегува во сила со денот на донесувањето.

Општина Пехчево
Градоначалник,
Драган Тренчовски

[2] Доколку е вработен на определено време да се наведе и рокот (ДД.ММ.ГГ)

**Образец бр. 2**

Врз основа на одредбите од Закон за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20) и Правилникот за безбедност на обработка на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.), на ден ____.____.202___ година ја давам следната

**ИЗЈАВА**
**за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор на територија на Општина Пехчево**

Јас долупотпишаниот, Живко Каликов, на работно место Помлад соработник за ажурирање на веб страната на општина Пехчево во Одделението за општи, правни работи и јавни дејности во Општина Пехчево, согласно одредбите од Правилникот за безбедност на обработка на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/20), и документацијата за технички и организациски мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци во Општина Пехчево, се обврзувам дека:

- ќе ги почитувам начелата за заштита на личните податоци;
- ќе ги применувам техничките и организациските мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор на територија на Општина Пехчево и ќе ги чувам како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита;
- ќе вршам обработка на личните податоци согласно упатствата добиени од Општина Пехчево;
- на неовластени лица нема да издавам било каков личен податок/снимки од системот за вршење на видео надзор или било каков друг личен податок кој ми е достапен и кој сум го дознал или ќе го дознам во иднина при работата во Општина Пехчево.

Потпис,

_____________

**Образец бр. 2**

Врз основа на одредбите од Закон за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20) и Правилникот за безбедност на обработка на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.), на ден ____.____.202___ година ја давам следната

**ИЗЈАВА**
**за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор на територија на Општина Пехчево**

Јас долупотпишаниот, Николчо Станоевски, на работно место Советник за документација за градба и заштита на животна средина во Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР во Општина Пехчево, согласно одредбите од Правилникот за безбедност на обработка на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/20), и документацијата за технички и организациски мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци во Општина Пехчево, се обврзувам дека:

- ќе ги почитувам начелата за заштита на личните податоци;
- ќе ги применувам техничките и организациските мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор на територија на Општина Пехчево и ќе ги чувам како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита;
- ќе вршам обработка на личните податоци согласно упатствата добиени од Општина Пехчево;
- на неовластени лица нема да издавам било каков личен податок/снимки од системот за вршење на видео надзор или било каков друг личен податок кој ми е достапен и кој сум го дознал или ќе го дознам во иднина при работата во Општина Пехчево.

Потпис,

_____________

**Образец бр.3 Известување за вршење на видео надзор**[1]




**Назив на контролорот и каде е применливо назив на претставникот на контролорот:**

**Контакт информации:**

**Контакт информациите за офицерот за заштита на личните податоци (доколку е определен):**

**Информации што го засегаат субјектот на личните податоци (период на чување или следење во реално време, објавување или пренесување на видео снимките на трети страни):**

**Цел, односно цели за вршење на видео надзорот:**

**Права на субјектите на лични податоци**: Како субјект на личните податоци можете да остварите повеќе права, особено право да пристапите или да барате да се избришат вашите лични податоци.
Повеќе детали за видео надзорот и за вашите права може да најдете од информациите наведени од контролорот преку опциите наведени во левиот агол.

Дополнителни информации ќе најдете:

- Преку известување
- На пријавница/ рецепција/ инфо пулт
- На интернет (www)...

[1] ***Забелешка***:*Информациите мора да бидат бесплатни, во транспарентна, разбирлива и лесно достапна форма, напишана на едноставен јазик. Ова известување треба да биде отпечатено на А4 формат.*

**Образец 4**

**Б А Р А Њ Е**

за давање на користење на лични податоци обработени преку
системот за вршење на видео надзор во Општина Пехчево

Барател:

Име и презиме: ______________________________
Работно место: ______________________________
Институција/Фирма: ______________________________
Адреса: ______________________________

Барам да ми се овозможи:

- ☐ увид или (и)
- ☐ доставување

на следните снимки од видео надзор:
Камера/и што го снима/ат следниот простор:
________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________
____________________________________

Снимките од видео надзор да се однесуваат на периодот од __ часот __ минути на __,__,20__ година до __ часот __ минути на __,__,20__ година.

Снимките од видео надзор ги барам/е од следните причини:
________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________
____________________________________

Врз следната законска основа:
________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________
____________________________________

Барател,

________________

**Образец 5**

**О Д О Б Р Е Н И Е**

за давање на користење на лични податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор на територија на Општина Пехчево

Градоначалникот на Општина Пехчево одобрува/не одобрува давање на користење на лични податоци обработени преку вршење на видео надзор на:

Име и презиме: ____________________________
Работно место: ____________________________
Институција/Фирма: ____________________________
Адреса: ____________________________

На барателот ќе му се овозможи:

- ☐ увид или (и)
- ☐ доставување

на следните снимки од видео надзор:
Камера/и што го снима/ат следниот простор:
________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________
____________________________________

Снимките од видео надзор да се однесуваат на периодот од __ часот __ минути на __,__,20__ година до __ часот __ минути на __,__,20__ година.

Општина Пехчево
Градоначалник,
Драган Тренчовски

**Образец 6**

**Е В И Д Е Н Ц И Ј А**

за снимките кои се дадени на користење и за медиуми што содржат лични податоци обработени преку системот за видео надзор на територија на Општина Пехчево

| Ред. број | Број на барање | Причина заради која се бараат личните податоци на користење | Име и презиме на овластено лице | Датум и време на пристапување до системот за вршење на видео надзор | Датум и час на снимката до која се пристапува и времетраење на | Вид и број на медиумот на кој е пренесена снимката | Име и презиме на овластеното лице кој го снимил и го доставил медиумот | Име и презиме/назив на корисникот на кого му е дадена снимката од видео надзорот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

**Образец 7**

**Извештај од извршена периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење видео надзор во Општина Пехчево**

**I**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Датум на воспоставување на системот за вршење на видео надзор | |
| 2. | Датум (период) кога е извршена периодична оценка | |
| 3. | Датум од претходно извршена периодична оценка | |
| 4. | Оценка дали видео надзорот ја исполнува односно соодветствува на целта или целите во согласност со одредбите од член 90 став (1) од Законот за заштита на личните податоци заради кој е воспоставен видео надзорот | |
| 5. | Оценка дали причините за поставување на видео надзорот со образложение на потребата за исполнување на целта, сеуште се релевантни | |
| 6. | Статистички показатели за пристапот до снимките направени при вршење на видео надзорот | |
| 7. | Статистички показатели за начинот на искористување на снимките | |
| 8. | Оценка дали начинот за информирање дека се врши видео надзор на различните категории на субјекти на лични податоци кои се со видео надзорот (пр. посебно информирање на вработените, истакнување на известување за видео надзор...) е соодветен; | |
| 9. | Статистички показатели за поднесени барања за остварување на правата на субјектите на лични податоци од видео надзорот | |
| 10. | Податоци од евиденцијата на корисници, за снимки кои се дадени на користење (статистички податоци, корисници, правен основ, причини) | |
| 11. | Статистички податоци од пријавени инциденти поврзани со системот за вршење на видео надзор; | |
| 12. | Статистички податоци за нарушување на безбедноста на личните податоци кои се обработуваат преку системот за вршење видео надзор | |
| 13. | Оценка на периодот на чување на снимките дали истиот е соодветен со предлог истиот да се скрати или продолжи (но не повеќе од законски утврдениот рок) | |
| 14. | Оценка дали има потреба од намалување или зголемување бројот на лица кои ќе имаат пристап до видео надзорот | |
| 15. | Потреба од континуирана обука на овластените лица (предлог тема на обуката, број на лица што треба да бидат обучени) | |
| 16. | Оценка дали целосно се применети мерките за | |

| | | |
|---|---|---|
| | техничка и интегрирана заштита на личните податоци (Data protection by design/ by default) | |
| 17. | Оценка дали нивото на технички и организациски мерки кои се применуваат е соодветно | |
| 18. | Предлог за намалување/зголемување на број камери соодветно на нивото на исполнување на целта/целите заради кои е поставен видео надзорот | |
| 19. | Целта за вршење на видео надзор | |
| 20. | Оценка дали причините за поставување на видео надзорот со образложение на потребата за исполнување на целта, односно целите сеуште се релевантни | |
| 21. | Оценка дали видео надзорот ја исполнува односно соодветствува на целта или целите во согласност со одредбите од член 90 став (1) од Законот за заштита на личните податоци заради кој е воспоставен видео надзорот | |
| 22. | Податоци за спроведената проценка на влијанието на заштитата на личните податоци | |
| 23. | Дали редовно се преиспитува проценката на влијанието на заштитата на личните податоци, особено кога има значајни промени во системот за видео надзор | |
| 24. | Дали има понатамошната потреба од користење на системот за вршење на видео надзор | |
| 25. | Можни технички или други решенија за замена на системот за вршење на видео надзор | |
| 26. | Други податоци согласно проценката на Контролорот | |

**II**

1. Име, презиме и потпис на лицата кои ја вршеле периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење видео надзор

________________________________________________
________________________________________________
________________________________________________

2. Датум на доставување на извештајот од периодичната оценка до офицерот за заштита на личните податоци во контролорот

________________________________________________
________________________________________________
________________________________________________
________________________________________________

3. Мислење и предлози од офицерот за заштита на личните податоци во контролорот

________________________________________________
________________________________________________
________________________________________________

4. Датум на доставување на извештајот од периодичната оценка до функционерот, или до одговорното лице во контролорот

**Прилог 1**
**Анализа на целта за која се поставува видео надзорот на територија на Општина Пехчево**

**Прилог 2**
**Изјава за приватност при вршење на видео надзор**

**Прилог 3**
**Техничка спецификација на опремата за вршење на видео надзор**

**Прилог 2**
**План за поставување на систем за вршење на видео надзор**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за усвојување на измени и дополнувања на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пехчево за 2021 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на измени и дополнувања на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пехчево за 2021 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на триесет и шестата седница одржана на ден 25.05.2021 година.

Бр. 09-632/21 | Градоначалник на
25.05.2021 год. | Општина Пехчево
Пехчево | Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 62 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016, 05/2019), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 25.05.2021 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на измени и дополнувања на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пехчево за 2021 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ги усвојува измените и дополнувањата на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пехчево за 2021 година бр.08-1591/3 од 21.12.2020 година.

**Член 2**

Измените и дополнувањата на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пехчево за 2021 година, се составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-623/1 | Совет на општина Пехчево
25.05.2021 година | Претседател
Пехчево | Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 84 и 85 од Законот за градежно земјиште (Сл. Весник на РМ бр. 52/2013), а во врска со член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр, 5/2002) и член 30 став 1 точка 7 од Статутот на општина Пехчево, (Сл. Гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), Советот на општина Пехчево, донесува:

**Измени и дополнувања на**
**ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2021 ГОДИНА**

Оваа Програма претставува континуитет на преземените активности за уредување на градежното земјиште од претходните години и се базира на досегашното искуство во спроведувањето на урбанистичките планови и потребите за планско уредување на градот. Според тоа, реализацијата на урбанистичките планиови исклучиво ке се одвива согласно оваа програма

Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пехчево за 2021 година е основ по која ќе се врши уредување на градежното земјиште и опфаќа:

1. Простор кој е предмет на уредување и обем на уредување;
2. Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основа исекундарната инфраструктура,
3. Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште и негова распределба и пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште;
4. Определување на цена на градежно земјиште при решавање на имотно правни односи за потребите на градежното земјиште,
5. Динамика на извршување на Програмата;
6. Граници и зони во потесниот градежен реон во Пехчево.
7. Преодни и завршни одредби;

И покрај тоа што со оваа програма се дефинирани обврските за уредување на градежното земјиште., истата е отворена за измени и дополнувања и во неа можат да бидат вградени и евентуални други задачи доколку има потреба и се создадат услови и финансиски сретства за нивна ургентна реализација во текот на 2021 година.

Програмата е релативно обемна и сеопфатена со цел да се овозможи задоволувањето на потребите на градежната оператива, граѓаните и другите субјекти за изградба на деловни и стопански објекти , станбени згради и друго што од своја страна треба да го спречи незаконитото градење кое перманентно преставува проблем во градот.

## 1. ПОДРАЧЈА СО ПОБЛИСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО КОЕ ЌЕ СЕ УРЕДУВА ВО 2021 год.

1.1 Уредување на градежното земјиште во 2021 година ќе се врши во градот Пехчево на подрачјето опфатено со Детален урбанистички план на градот;
Како градежно земјиште се смета изграденото и неизграденото земјиште на подрачјето на Општина Пехчево со населбите, како и подрачјето за станбени и друга изградба одредени со Генералниот и Деталниот урбанистички планови, и измените и дополнувањата за град Пехчево, како и населените места за кои има УДНМ, односно Урбанистички план за село или ГУП
Уредувањето на градежното земјиште надвор од градежниот опфат на градот Пехчево или населените места ќе се врши со донесување на Одлука на Советот на општината и согласност од надлежното

Министерство, на основа на изработени Локално планска урбанистичка документација вон населеноп место.
Програмата ќе биде отворена и во неа ќе бидат вградени и други локации за кои ќе има потреба од нивна ургентна реализација. Пресметувањето на надоместок за уредувањето ќе се врши сопрема стварните трошоци.

1.2 Уредувањето на градежното земјиште за изградба на објекти надвор од урбаниот опфат и во случаи кога уредувањетио не е предвидено со Програма, го врши инвеститорот на свој сопствен трошок.

## 2. ОБЕМ НА УРЕДУВАЊЕ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО СО КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ И ИНСТАЛАЦИИ

2.1 Градежното земјиште за локациjите од точка 1.1 на оваа програма ќе се уреди со комплетна комунална инфраструктура (основа уреденост) на следниот начин;
- Изградба на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;
- Изградба на водоводна мрежа;
- Изградба на фекална канализација:
- Изградба на електрична мрежа;
- Расчистување на имотно-правни односи:
- Рушење на објекти:
- Надоместок на експропријација на градежно земјиште:
- Граници на зони во потесниот градежен реон:
- Извори на средства за финансирање на активности околу уредување на градежно земјиште и изградба на комунална инфраструктура.

➢ **Опремување на градежното земјиште со инфраструктурни објекти**
- Изградба на улици и тротоари
- Изградба на улична водоводна мрежа во градот Пехчево и населените места, како и системи за водоснабдување во руралните подрачја,
- Изградба на улична фекална и атмосверска канализација мрежа во град Пехчево и населените места ,како и системи за одводнување и прочистување на отпадни води во населените места во општината.

➢ **Урбана опрема**
➢ **Одводнување и прочистување на отпадни води**
➢ **Јавна чистота**
➢ **Озеленување на јавни површини, одржување и користење на паркови и зеленило**
➢ **Изградбха иодржување на јавно осветлување**
➢ **Одржување на спомен обележја**

Со оваа Програма не се предвидува приклучување на електрична мрежа на објектите предвидени со урбанистичкиот план, како и приклучување на ПТТ мрежа,што значи дека финансирањето на тие објекти и инсталации, односно нивната изградба ќе ја извршуваат претпријатија што управуваат со истите.
Степенот на уредување ќе се реализира согласно со динамиката на прибирање на средства (сите средства прибрани за уредување на урбаниот блок во тековната година ќе бидат вложени за уредување) а додека целосното уредување ќе се реализира со прибирање на вкупните средства предвидени за комплетно уредување на урбаниот блок.

**3 ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПО ЗОНИ И РЕАЛНИТЕ ТРОШОЦИ ВО СЛЕДНИОТ ИЗНОС**

3.1 За локации со основен степен на уреденост:
- геодетски работи ------------------------------------ 20,00 ден/м2
- проектирање ------------------------------------------ 30,00 ден/м2
- улица (пробиена)-------------------------------------- 350,00 ден/м2
- водовод----------------------------------------------- 200,00 ден/м2
- канализација ----------------------------------------- 200,00 ден/м2

ВКУПНО------------------------------ **800,00 ден/м2**

3.2 За локации за повисок степен на уреденост:
- геодетски работи ------------------------------------ 20,00 ден/м2
- проектирање ------------------------------------------ 30,00 ден/м2
- улица (асфалт) --------------------------------------- 500,00 ден/м2
- водовод ---------------------------------------------- 200,00 ден/м2
- канализација------------------------------------------ 200,00 ден/м2

ВКУПНО----------------------- **950,00 ден/2**

3.3 Надоместокот за уредување на градежното земјиште за 2 (втора) зона се намалува за 15%.

За доградби надгарби изградба на помошни објекти (гаражи , шупи и други објекти) надоместокот се намалува за **50%** во однос на точка 3.1 и 3.2

3.4 За поткровје со висина до 2,5 метри се плаќа надоместок за уредување на градежно земјиште **0.2** по коефициент во одност на точка 3 (3,1 и 3,2)

3,5 За колективно становање ќе се наплаќа во однос на зоната на точките 3,1 и 3,2

1. За деловен простор (продавници, гостилници,барови, хотели и слично) надоместокот изнесува **30.000.00 ден.**надоместокот сенаплаќа **по коефициент од 0,05**

2. За деловен простор Г – Г1,Г2,Г3,Г4 (занаетчиски работилници, индустриски хали, погони, стопански објекти, пилани) се наплаќа по **10.000,00 денари** по метар **квадратен по коефициент од 0.05**

3. За деловен простор метар квадратен **по 7.000,00 ден** (магацини, гаражи за механизација настрешници и други во склоп на истите ) се наплаќа за **0.05** по коефициент .

4. За отворени спортски објекти, надоместокот се наплаќа **0,3** по коефициент во однос на точка 3 (3.1 и 3,2)

- За затворени спортски објекти се наплаќа **0,5** по коефициент во однос на точка 3(3.1 и 3.2 )

5. За административни згради и канцеларии надоместокот ќе се наплаќа во однос на точка 3 (3.1 и3.2)

**6. Туристичка населба Равна Река за времено сместување ќе се пресметува по 12.000,00 ден. за викендици по коефициент од 0,05 за доградби надградби и помошни простории ке се пресметува 50% од временото сместување и за времено сместување како хотели барови деловни простории и др. ќе се пресметува по 22.000,00ден. по коефициент од 0,05**

**- Образожение: До изградба на нов систем со пречистителна станица за отпадни води и изградба на водоводна мрежа ќе се пресметува надоместок за уредување на градежно земиште (комуналии) по овие цени.**

**7.** За изградба на деловни простории од групата на Г, Г1,Г„,Г3 и Г4 ќе сње ослободат сите од надоместок за уредување на градежно земјиште за вработени 10 работни места ќе се ослободи 10%, за вработени 20 работни места ќе се ослободи 20% за вработени 30 работни места ќе се ослободи 30% за вработени од 40 работни места па нагоре ќе се ослободи 50%, за истото ќр се склучи посебен договор со инвест6иторот за надоместокот а до колку инвеститорот не ги исполни бараните услови спорот ќе се решава пред надлежен суд Берово.

- Трошоците за уредување на градежното земјиште се пресметува врз осанова на новата корисна површина што ќе се гради, кој е збир на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација,помножени со следните коефициенти:

## 4. НАЧИН НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА КОРИСНАТА ПОВРШИНА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И НАДОМЕСТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Трошоците за уредување на градежното земјиште се пресметува врз основа на новата корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со следните коефициенти.

**1) Станбени објекти**
- станбени простории ----------------------------------............. 1,0
- станбени простории со висина до 2,50м----------............. 0,2
- подлоѓија,затворена од две страни ----------------............. 0,3
- лоѓија затворена од три страни -------------------............. 0,4
- балкони , терас --------------------------------------.............. 0,2
-заедничкии проодни тераси,пасажи ................................ 0,2
-помошни простории,остава за гориво,котлара,визба.........0,3
-трафостаница до 35кв во објекти и надвор од објекти...... 0,3
-скалишен простор и заеднички комуникации ................. 0,3
-стражарници,управител,простории за одмор ....................0,5
-паркиралишта и гаражи ......................................................0,1

**2) Деловни, јавни и производни објекти**
- простории ------------------------------------------------------- 1.0
- магацини, настрешница ……..---------------------------------- 0.5
-помошни простории и остава остава за гориво,котлара.......0.3
- трафостаници до 35кв во објекти и надвор од објекти---- 0.4
-скалишен простор и заеднички комуникации .................. 0,5
-паркиралишта и гаражи.................................................... 0,1
-лоѓија,затворена од три страни.......................................... 0,5
-подлоѓијазатворена од две страни .................................... 0,4
-балкони,тераси.................................................................. 0,3
-отворен наткриен простор................................................. 0,3

**3) Други објекти**
- катна гаража-------------------------------------------------------------------. 0,05
- спортски покриени објекти --------------------------------------------. 0,5
- спортски откриени објекти ............................................................. 0,5
- гасни станици и базни станици за 50% од површина на локација........1,0
-отвопрени пазаришта за 30% од површина на локација ........... 1,0

-базени ........................................................................................ 0,2
-трафостаници . над 35кв............................................................ 1,0

**4) За објекти од групата на класи намени Г производсво,дистрибуција и сепвиси**

-Г1 тешка и загадувачка индустрија ...........................................0,05
-Г2 лесна индустрија ....................................................................0,05
-Г3 сервиси ........................................................................... 0,05
-Г4 стоваришта ..................................................................... 0,05

**5) За бензинска пумпи станица и нејзини придружни содржини (продавници кафетарии и ресторани,авто сервиси,авто салони,помошни простории)**

- продажни простории и бензински пумпни станици .............. 1,0
-услужни простории на бензински пумпни станици .............. 1,0

**6) за објекти од групата класи на намена Б5 угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одмаралишта, и за други групи накласи на намена А4 хотел.мотел.времено сместување во викенд куќи, планинарски дом и ловен дом.**

- сите простории ...................................................... 0,05

**7) За детски градинки,пензионерски домови и домови за стари лица**

- сите простории ...................................................... 0,05

**8) За објекти за високо образование**

- сите простории ...................................................... 0,05

**9) За објекти за културата:**

- сите простории ................................................. 0,05

**10) Во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација не се преметуваат површините на :**

- инсталациони канали
- окна на лифтови
- окна на врати
- отворени паркиралишта
- подземни резервоари
- површините на сите зидови

## 5. ГРАНИЦИ ЗА ЗОНИ ВО ПОТЕСНИОТ ГРАДЕЖЕН РЕОН НА ГРАД ПЕХЧЕВО

Во зависнот од степенот на уреденоста на градежното земјиште, во границите утврдени со Урбанистичкиот план и ГУП на Пехчево, му ги дава на корисникот (положбата на земјиштето,сообраќајната поврзаност со центарот, снабденоста со комуналните објекти инсталации, рационалност и други околности од значење за користење на тоа земјиште), градежниот реон на Пехчево се распоредува во три (3) зони и тоа **централно градско подрачје и вон централно градско подрачје и како зона на населени места.**

### ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ

Започнува од КП.БР: 2310 на Веселински Д.Јован ги опфаќа северните граници на парцелите по регионалниот пат Берово – Делчево се до Бензинската пумпа на АД „ Макпетрол„ Скопје од северната страна на оградата,оди по патот на север Пехчево Делчево се до спојот на ул. „Јулија Веселинска„ од таму тргнува на север по стариот пат на Симин рид до спојот на ул. „ Македонија„ од таму оди на исток по истата до раскрсницата на ул. „ Илинденска„ и ул. „ Мирче Ацев„ тргнува на исток по истата се до раскрсницата на ул. „ Гоце Делчев„ и ул. „ Ванчо Китанов„ од таму тргнува на

југ по улица „ Ванчо Китанов„ ја сече ул. „ 18 Август„ и оди на југ сече „АРМ„ спрема ДУП на Пехчево, од таму тргнува на југ се до спојот на „ Ванчо Китанов„ и „8 Март„на запад оди по јужната страна на оградата на турските гробишта до спојот на источната страна на дворната ограда (граница на АД „ Бомекс рефрактори„ Пехчево) и старата фабрика за подни плочки скршнува на запад по дворната ограда ги заобиколува двете фабрики и се спојува на патот со „Равна Река„ од таму на север по границата на опфатот на ГУП на Пехчево ја заобиколува западната страна односно дворната ограда на фабриката „Напредок Пехчево , западната страна на старата фабрика „ Стаклара„ западната дворна ограда на сопственикот Кратевски Димитар и продолжува на север до спојот на пехчевска река, од таму тргнува на север се спојува со регионалниот пат на Пехчево Делчево и се спојува со почетната точка бензинска пумпа од каде почна зоната.

**ВОН ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ**

Површината од градежниот реон што се наоѓа надвор од зоната на централното подрачје преставува вон централно градско подрачје

Површината определена со границите на градежниот реон во малото стопанство се приклучува во зоната како вонцентрално градско подрачје.

Површината надвор од градежниот реон на ДУП и ГУП се смета како зона населено место.

**Напомена: Проширувањето на ГУП во текот на 2021 година ќе влезе во зоната како Вонцентрално градско подрачје**

6**. Преодни и завршни одредби**

6.1 Надоместокот за уредување на градежното земјиште на кое се руши стар објект и се гради нов објект инвеститорот ќе биде целосно ослободен од надоместок за уредување на градежно земјиште.

6.2 Надоместокот за уредување на градежното земјиште на градителите кои до влегување во сила на оваа Програма инвестирале во инфраструктурана мрежа за сопствени објекти ќе се намали за износот на сретствата со кои учествувал градителот за односната мрежа, врз основа на доставен финансовски документ од изведувачот на работите, односно проценетата вредност на извршените работи.

Во случај кога градежното земјиште не е уредено, односно делумно е уредено, градителот на објекторт плаќа надоместок до висина на релните трошоци за делумно уредување на земјиштето- делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок.

6,3 Надоместокот за уредување на градежно земјиште се плаќа за површина предвидена со заверен главен проект.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште се пресметува врз основа на проект доставен од оделението за урбанизам до Оделението за комунални работи кој со градителот на објектот склучува договор за начинот на плаќање и уредување на меѓусебните права и обврски.

6.4 Плаќањето на надоместок за уредување на градежното земјиште може да се изврши одеднаш целата сума или на одложено на 12 месечни рати со 10% зголемен остатокот од комуналии и уплатена прва рата од 30% за добивање на Одобрението за градење.

6.5 За пренамена на станбена во деловен простор се плаќа надоместок за уредување на градежно земјиште во износ на разликата меѓу платениот надоместок за уредување на градежното земјиште за станбен простор и надоместок за деловен простор.

6.6 Во уредување на градежното земјиште учествува општината, како и субјектите кои стопанисуваат со објеките на инфраструктурата.

Трошоците за приклучок на инфраструктурните мрежи, како и таксите за приклучок ги сноси инвеститорот на објектот во договор со соодветниот носител на инфраструктурните мрежи.

6.7 Во оваа програма надоместокот е пресметан со вредност на еврото од 61 денар за евро. При секоја промена на курсот на денарот во однос на еврото ќе се применуваа износите на надоместоците и цените на градежното земјиште во денарска противвредност на еврото според курсот на Народна банка РМ .

6.8 Трошоците за дислокација на инфраструктурните мрежи во парцелата (водовод, електричан мрежа,телефонска и други инсталации) паѓаат на товар на инвеститорот.

6.9 Трошоците за дислокација на потпорни зидови дворни огради помошни објекти изградени без одобрение а за потребите за реализација на Деталниот урбанистички план на Пехчево паѓаат на товар на сопственикот на градителот на објектите.

6.10 Измените и дополнувањата на Програмата влегуваат во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-623/2
25.05.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на одлука за давање на користење Лаптопи Tesla Notebook на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање на користење Лаптопи Tesla Notebook на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на триесет и шестата седница одржана на ден 25.05.2021 година.

Бр. 09-632/22 Градоначалник на
25.05.2021 год. Општина Пехчево
Пехчево Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02), член 30 став 1 точка 30 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06/2016, 05/2019), Советот на општина Пехчево, на седницата одржана на 25.05.2021 година, донесе:

## ОДЛУКА
**За давање на користење Лаптопи Tesla Notebook на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на општина Пехчево дава на користење, 5 (пет) Лаптопи Tesla Notebook со следните карактеристики:

Модел: Tesla Notebook E14WP / LCD 14’’/C

**Член 2**

Целта на донацијата е следење на онлајн настава на ученици од социјално загрозени семејства, кои во моментот не се во можност да ја следат онлајн наставата, поради немање уред за следење на наставата.

**Член 3**

Примателот на донацијата ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево е потребно да достави список со податоци за учениците на кои им се дадени лаптопите на користење со следните податоци: Име и презиме, возраст, одделение, училиште, адреса на живеење, контакт телефон, емаил адреса.

**Член 4**

Примопредавањето на лаптопите Tesla Notebook E14WP / LCD 14’’/C ќе се изврши меѓу градоначалникот на општина Пехчево и Директорот на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево во рок од 3 (три) дена од влегувањето во сила на оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-624/1 Совет на општина Пехчево
25.05.2021 година Претседател
Пехчево Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за прифаќање на донација на навално Против пожарно возило**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за прифаќање на донација на навално Против пожарно возило, што советот на општина Пехчево ја донесе на триесет и шестата седница одржана на ден 25.05.2021 година.

Бр. 09-632/23
25.05.2021 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија'' бр.5/02) и член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево („Службен гласник на општина Пехчево" бр.06/2016 и 05/2019), а во врска со член 6 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен Весник на Република Македонија" Бр.61/04……192/2015), Советот на Општина Пехчево на седницата одржана на 25.05.2021 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за прифаќање на донација на навално Против пожарно возило**

Член 1

Со оваа одлука, Општина Пехчево ја прифаќа донацијата дадена во добра и услуги, дадена од давателот Швајцарска Агенција за развој и соработка (SDC), во рамките на Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија (ПЗП), проект координиран од Фармахем – Скопје.

Член 2

Донацијата која се дава на општина Пехчево се состои во:

α. 1 (еден) број на навално ПП возило со следните карактеристики:

**А. Технички опис на главните параметрите на возилото**

| Р.бр | ОПИС И ДЕТАЛИ | |
|---|---|---|
| 1 | Должина (надворешно) | 5343мм |
| 2 | Ширина (надворешно) | 1800мм |
| 3 | Висина | 17607мм |
| 4 | Вкупна маса на возилото | 18.000 кг |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | Меѓуоскино растојание | 3200мм |
| 6 | Погонска формула | 4x4 AWD i 4xL |
| 7 | моќност на моторот | 90 kW |
| 8 | Зафатнина | 2378см$^3$ |
| 9 | Емисија на издувни гасови | ЕУРО 6 |
| 10 | Носивост | 927 кг |

**Б. Надградба**

| Р. Бр | Опис и делови на надградбата |
|---|---|
| 1. | Каросерија<br>Надградбата еизработена од профили и оплатирана со лим од надворешна стана во боја на каросерија. Внатрешниот простор да биде обложен со декоративен лим. Задната и бочните страници да се затвараат со алуминиумски ролетни со потполна заштита од надворешни влијанија и со надворешно заклучување. Пристапот на опремата и самото складиште на надградба е усогласен со нормите и односите спрема висината за сместување и тежината на опремата. Кровот на надградбата е обложен со нелизгачки ребраст алуминиумски лим. Осветлувањето на надворешниот простор околу возилото е поставено на бочните страни на возилото над алуминиумските ролетни. Просторот (волуменот на складиштето) е доволен за да во него се смести противпожарно- спасувачката опрема. Во внатрешноста на складиштето се поставени наменски носачи и прегради за предвидената опрема да биде осигурана од превртување и откачување. |
| 2. | Високопритисна противпожарна пумпа<br>Високопритисната противпожарна пумпа е со капацитет од 42л/мин. при притисок од 100 бари. Моторот на високопритисната пумпа да биде бензински 14 HP со патентиран систем за пена 50B.FHP.<br>Пумпата е сместена централно во задниот дел на надградбата на лизгачки носачи, кои овозможат пумпата да се извлече од самото складиште со што се олеснува одржувањето и ракувањето на агрегатот.<br>Цревото за висок притисок е сместено во витло со должина од 60 метри со специјална млазница за висок притисок со капацитет од 42л/мин при притисок од 100 бари. Витлото треба да биде мануелно, со рачка, кочница и стопер. |
| 3. | Резервоарот е составен од дел за вода со 320 литри и дел за пенило со 30 литри, со специјален мешач поврзан со пумпата. Резервоарот е изработен од полиестер отпорен на UV зрачење.Опремен е со приклучок за полнење на вода, покажувач за нивото на вода, преливен и испусен приклучок за вода. |

Член 3

За донацијата ќе биде склучен посебен договор, помеѓу Градоначалникот на Општина Пехчево, како примател на донацијата и донаторот.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Пехчево “.

| | |
|---|---|
| Бр.08-625/1 | Совет на општина Пехчево |
| 25.05.2021 година | Претседател |
| Пехчево | Николчо Јовчев с.р |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за формирање на испостава на Териториjалната Противпожарна Единица (ТППЕ) Берово во општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за формирање на испостава на Територијалната Противпожарна Единица (ТППЕ) Берово во општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на триесет и шестата седница одржана на ден 25.05.2021 година.

Бр. 09-632/24 | Градоначалник на
25.05.2021 год. | Општина Пехчево
Пехчево | Драган Тренчовски с.р

Врз основа на член 16 став 1 точка 11 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 30 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Пехчево („Сл.гласник на Општина Пехчево “ бр.06/2016 и 05/2019), а во врска со член 5 став 4 од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 25.05.2021 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за формирање на испостава на Територијалната Противпожарна Единица (ТППЕ) Берово во општина Пехчево**

Член 1

Советот на Општина Пехчево дава согласност за формирање на испостава на Територијалната Противпожарна Единица (ТППЕ) Берово, во општина Пехчево.

Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Пехчево да склучи Меморандум за соработка со Градоначалникот на Општина Берово, заради подетално утврдување на правата и обврските на двете страни.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Пехчево “.

Бр.08-626/1 | Совет на општина Пехчево
25.05.2021 година | Претседател
Пехчево | Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за намера за реализација на проект со заем од Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) и овластување за потпишување на Иницијален договор**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за намера за реализација на проект со заем од Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) и овластување за потпишување на Иницијален договор, што советот на општина Пехчево ја донесе на триесет и шестата седница одржана на ден 25.05.2021 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-632/25 | Градоначалник на |
| 25.05.2021 год. | Општина Пехчево |
| Пехчево | Драган Тренчовски с.р |

---

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл. весник на Р.М. бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15), член 4 од Законот за јавен долг (Сл. весник на Р.М. бр.62/05, 88/08, 35/11, 139/14 и 98/19), и член 36, став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на Р.М. бр.5/02), член 30 став 3 точка 1 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево број 06/16 – Пречистен текст), Советот на Општина Пехчево на седница одржана на 25.05.2021 година донесе

**О Д Л У К А**
**за намера за реализација на проект со заем од Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) и овластување за потпишување на Иницијален договор**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува намерата за реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на Општина Пехчево, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, со цел финансирање на енергетски ефикасни активности во објекти (проекти):

1. **Реновирање на општински објекти во општина Пехчево за подобрување на енергетската ефикасност.**

**Член 2**

По прифаќање на предложените проекти од страна на Министерството за финансии (ПСЕЕП единицата), се овластува Градоначалникот во име на Општина Пехчево да го потпише Иницијалниот договор согласно условите од Јавниот повик.

**Член 3**

Условите на задолжувањето ќе се утврдат по одобрувањето на проектите од страна на Министерството за финансии согласно условите наведени во Јавниот повик.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пехчево.

Бр.08-627/1
25.05.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за финансиско учество на општина Пехчево во имплементацијата на проектот "РЕКОНСТРУКЦИЈА И ИЗГРАДБА НА СПОРТСКО РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР ОД ОТВОРЕН ТИП НА ТУРИСТИЧКИ ЛОКАЛИТЕТ "РАВНА РЕКА" ПЕХЧЕВО. ОПШТИНА ПЕХЧЕВО"**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за финансиско учество на општина Пехчево во имплементацијата на проектот "РЕКОНСТРУКЦИЈА И ИЗГРАДБА НА СПОРТСКО РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР ОД ОТВОРЕН ТИП НА ТУРИСТИЧКИ ЛОКАЛИТЕТ "РАВНА РЕКА" ПЕХЧЕВО. ОПШТИНА ПЕХЧЕВО", што советот на општина Пехчево ја донесе на триесет и шестата седница одржана на ден 25.05.2021 година.

Бр. 09-632/26 Градоначалник на
25.05.2021 год. Општина Пехчево
Пехчево Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на Р.М. бр.5/02) и член 30 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево број 06/2016, 05/2019), Советот на општина Пехчево на седница одржана на 25.05.2021 година донесе

**О Д Л У К А**
**за финансиско учество на општина Пехчево во имплементацијата на проектот "РЕКОНСТРУКЦИЈА И ИЗГРАДБА НА СПОРТСКО РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР ОД ОТВОРЕН ТИП НА ТУРИСТИЧКИ ЛОКАЛИТЕТ "РАВНА РЕКА" ПЕХЧЕВО, ОПШТИНА ПЕХЧЕВО"**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја потврдува намерата на општина Пехчево финасиски да учествува во имплементацијата на проектот **"РЕКОНСТРУКЦИЈА И ИЗГРАДБА НА СПОРТСКО РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР ОД ОТВОРЕН ТИП НА ТУРИСТИЧКИ ЛОКАЛИТЕТ "РАВНА РЕКА" ПЕХЧЕВО. ОПШТИНА ПЕХЧЕВО"** со финансиски средства од 10% од вкупната вредност на инвестицијата што Центарот за развој на Источен плански регион – Штип го аплицираше за финансирање од средствата на Програмата за рамномерен регионален развој за 2021 година, Проекти за развој на планските региони преку Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој, за изведбените работи од овој проект за кој краен корисник е општина Пехчево, односно не повеќе од 1.000.000,00 МКД.

**Член 2**

Средствата за кофинансирање на реализацијата на проектот ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Пехчево за 2021 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-628/1
25.05.2021 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за прифаќање на иницијатива за изработка на планска документација за формирање на градежни парцели со класа на намена Е2**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за прифаќање на иницијатива за изработка на планска документација за формирање на градежни парцели со класа на намена Е2, што советот на општина Пехчево ја донесе на триесет и шестата седница одржана на ден 25.05.2021 година.

Бр. 09-632/27 — Градоначалник на
25.05.2021 год. — Општина Пехчево
Пехчево — Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија'' бр.5/02) и член 30 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Пехчево („Службен гласник на Општина Пехчево " бр.06/2016 и 05/2019), Советот на Општина Пехчево на седницата одржана на 25.05.2021 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за прифаќање на иницијатива за изработка на планска документација за формирање на градежни парцели со класа на намена Е2**

Член 1

Со оваа одлука, советот на општина Пехчево ја прифаќа иницијатива за изработка на планска документација за формирање на градежни парцели со класа на намена Е2

Член 2

Иницијативата за изработка на планска документација за формирање на градежни парцели со класа на намена Е2, бр. 11-176/1 од 09.02.2021 година, е составен дел на оваа одлука.

Член 3

Одлуката влегува во сила одмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-629/1 — Совет на општина Пехчево
25.05.2021 година — Претседател
Пехчево — Николчо Јовчев с.р

---

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ОПШТИНА ПЕХЧЕВО**

Бр.11-176/1
Од09.02.2021година

Равен бр 8
2 326 Пехчево
Република Македонија

Тел. +389(0) 33 44 13 21
Факс:+389(0) 33 44 13 21
Е-пошта:opstina_pehcevo@t.mk

www.pehcevo.gov.mk

**До:**

**Комисија за урбанизам при**

**Општина Пехчево**

**Предмет : Иницијатива за изработка на планска документација**

**за формирање на Градежни парцели со класа на намена Е2**

Почитувани,

Вработените во Одделението за урбанизам при општина Пехчево по отворената дебата, а врз основа на заинтересираноста од многу правни субјекти и физички лица, **“ дали располагаме со градежни парцели со класа на намена Е2 – Комунална супраструктура( производство на електрична енергија со фотоволтавични панели)”, значи се работи за обновливи извори на енергија, која проблематика е многу актуелна , економски и еколошки оправдана-без загадувања, со многу бенифити.** .

Свесни за местоположбата и климатските услови кои ги има општината во текот на целата година, одлучивме да поднесеме иницијатива за оформување на градежни парцели за изградба на фотоволтавици. Општината располага со имот сопственост на РСМ погоден за формирање на градежни парцели со предметната намена.

Сакаме да напоменеме дека веќе постои една формирана парцела со таа намена која е отуѓена и се наоѓа на КП бр. 2492/2 и формирана од КП 2492/1 КО Пехчево.

Вработените предлагаат да се изготват една или повеќе градежни парцели со класа на намена Е2 на јужната страна на КП 2492/1 и на други парцели кои ќе одговараат на намената.

Одделение за урбанизам:

Николчо Станоевски

Ефтим Андоновски

Љупчо Галазов

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ОПШТИНА ПЕХЧЕВО**

Бр. 11-176/2
Од17.02.2021 година

Равен бр 8
2 326 Пехчево
Република Македонија

Тел. +389(0) 33 44 13 21
Факс:+389(0) 33 44 13 21
E-пошта:opstina_pehcevo@t.mk

www.pehcevo.gov.mk

**До :**

**Градоначалник на општина Пехчево**

**Г-дин Драган Тренчовски**

**Предмет : Одобрување на иницијатива од комисија за урбанизам при општина Пехчево за изработка на планска документациј за формирање на Градежни парцели со класа на намена Е2**

Почитуван Градоначалник,

До комисијата за урбанизам при општина Пехчево на ден 09.02.2021 год. од вработените во одделението за урбанизам при општина Пехчево беше доставена иницијатива за изработка на планска документација со класа на намена **Е2 – Комунална супраструктура( производство на електрична енергија со фотоволтавични панели),** под бр. 11-176/1 од 09.02.2021 година.

Комисијата ја разгледа иницијативата и образложението за оправданоста за изготвување на планска документација за формирање на градежни парцели со предметната намена и истата **ја прифаќа како оправдана, поставена на издржана дебата.**

Сакаме да укажеме дека веќе постои една формирана парцела со таа намена која е отуѓена и се наоѓа на КП бр. 2492/2 и формирана од КП 2492/1 КО Пехчево, така да на КП 2492/1 КО Пехчево комисијата смета дека постојат услови за изработка на уште две градежни парцели со класа на намена Е2.

Спрема горе наведеното во зависност од финансиските можности на општината предлагаме во најкраток можен рок да се отпочне со изработка на на планска документација за формирање на градежни парцели со основна класа на намена Е2 – Комунална супраструктура ( производство на електрична енергија со фотоволтавични панели ).

-Во прилог ви ја доставуваме иницијативата од одделението за урбанизам.

Комисија за урбанизам

Председател - Николчо Станоевски

Digitally signed by Nikolcho Stanoevski
Date: 2021.02.17 12:32:15 CET

---

**С О Д Р Ж И Н А:**


1. Одлука аа усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на општина Пехчево за период од 01.01.2021 година до 31.03.2021 година______________________________________ 3;
2. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Пехчево за 2021 година_____ 9;
3. Одлука за усвојување на измени и дополнувања на Статутот на општина Пехчево________ 11;
4. Одлука за усвојување на завршна сметка на ОУ МБ ,,Кочо Рацин,, - Пехчево за 2020 година______________________________________________________________________________ 16;
5. Одлука за усвојување на годишен план за вработување во ОУ ДК ,,Јане Сандански,, - Пехчево за 2021 година________________________________________________________________________ 24;
6. Одлука за усвојување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на општина Пехчево за 2021 година ______ 34;
7. Одлука за усвојување на годишен извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2020 година _______________________________________________________ 57;
8. Одлука за усвојување на годишен извештај за спроведување на програмата за развој на источен плански регион за 2020 година _______________________________________________________ 58;
9. Одлука за усвојување на Измени и дополнувања на годишен план за вработување во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2021 година ______________________________________________ 59;
10. Одлука за прифаќање на донација (стара железна ограда) од ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево ____________________________________________________________________________________ 69;
11. Програма за одржување на јавна чистота во општина Пехчево за 2021 година ____________ 70;
12. Програма за одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Пехчево за 2021 година______________________________________________________________________________ 73;
13. Програма за работа на општински комунален инспектор на општина Пехчево за 2021 година______________________________________________________________________________77;
14. Програма за третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња за 2021 година_________________________________________________________________________ 80;
15. Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Пехчево за 2021 година_______________________________________ 84;
16. Заклучок за програма за управување со отпад на општина Пехчево за 2021 година ________ 89;
17. Одлука за усвојување на годишна програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Пехчево и работа на туристичко информативнот центар – Пехчево _____________ 90,
18. Одлука за разрешување и именување на членови на Управен одбор на ОУ ДК ,,Јане Сандански,, - Пехчево ________________________________________________________________ 96;
19. Одлука за усвојување на Правилникот за начинот и вршење на видео-надзор на територијата на општина Пехчево ____________________________________________________________ 97;

**20.** Одлука за усвојување на измени и дополнувања на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пехчево за 2021 година ____________________________ 117;
**21.** Одлука за давање на користење Лаптопи Tesla Notebook на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево______________________________________________________________________________ 125;
**22.** Одлука за прифаќање на донација на навално Против пожарно возило__________________126;
**23.** Одлука за формирање на испостава на Територијалната Противпожарна Единица (ТППЕ) Берово во општина Пехчево __________________________________________________________129;
**24.** Одлука за намера за реализација на проект со заем од Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) и овластување за потпишување на Иницијален договор_________130;
**25.** Одлука за финансиско учество на општина Пехчево во имплементацијата на проектот "РЕКОНСТРУКЦИЈА И ИЗГРАДБА НА СПОРТСКО РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР ОД ОТВОРЕН ТИП НА ТУРИСТИЧКИ ЛОКАЛИТЕТ "РАВНА РЕКА" ПЕХЧЕВО. ОПШТИНА ПЕХЧЕВО"__________________________________________________________________________ 132;
**26.** Одлука за прифаќање на иницијатива за изработка на планска документација за формирање на градежни парцели со класа на намена Е2 ____________________________________________ 134;